**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

ЗАПИСНИК
од 480-та седница на Судскиот совет на
Република Северна Македонија

Скопје, Февруари 2024 година

Седницата се одржа на ден 29.02.2024 година, четврток со почеток во 10:00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, Претседател;
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател;
- **Сашко Георгиев**, Член
- **м-р.Антоанета Димовска**, Член
- **м-р.Ивица Николовски**, Член;
- **Мирсад Суроји**, Член
- **м-р.Миљазим Мустафа**, Член;
- **м-р.Селим Адеми**, Член;
- **Павлина Црвенковска**, Член;
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска**, Член

Отсутни членови:

- **Лорета Горгиева**, Член – *користи боледување*
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(доставено е известување дека не може да присуствува на седницата заради присуство на општа седница во Врховниот суд на РСМ)*;
- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)*.

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар;
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник
- **Вера Андрејчин**, Советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на јавност.

Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот **Весна Дамева.**

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата, го предложи следниот

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Записник од 476-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 31.01.2024 година и продолженија од 01.02.2024 година и 02.02.2024 година;
2. Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;
3. Избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Гевгелија;

4. Разгледување и усвојување на анализа за потребни судиски места во Управен суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип;
5. Разгледување на акциски план;
6. Разгледување и усвојување на извештаи за четвртото тромесечие за работата на судовите во Република Северна Македонија;
7. Разгледување и усвојување на годишните извештаи за работата на судовите во Република Северна Македонија;
8. Разгледување на прашањето за начинот на постапување на Советот по донесувањето на Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за распишување на претседателски и парламентарни избори, а во врска со објавен оглас за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија;
9. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

- УПП бр. 7/24, 22/24, 33/24, 44/24, 55/24;
- УПП бр. 20/24, 42/24, 53/24;
- УПП бр. 301/23, 9/24, 23/24, 45/24;
- УПП бр. 156/23, 342/23, 3/24, 26/24, 37/24, 47/24, 57/24;
- УПП бр. 130/23, 260/23, 276/23, 305/23, 316/23, 327/23, 340/23, 371/23;
- УПП бр. 306/23, 352/23, 396/23, 409/23, 11/24, 17/24,50/24;
- УПП бр. 21/24, 43/24, 54/24, 63/24;
- УПП бр. 399/23, 406/23, 18/24, 40/24;
- УПП бр. 403/23, 16/24, 27/24, 38/24, 48/24;
- УПП бр. 1/24, 13/24, 36/24, 51/24;
- УПП бр. 272/23, 354/23 и

10. Разно

Бидејќи Членот на Советот **Лорета Горгиева** не е присутна, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага нејзините претставки да се повлечат. Тоа се претставките: УПП бр. 301/23, УПП бр.9/24, УПП бр.23/24 и УПП бр.45/24.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлага дополнување на дневниот ред, така што точка 2 да гласи: Постапување по приговор поднесен против решенија на Судскиот совет на РСМ за престанок на судиска функција, за престанок на мандат на член на Советот и за престанок на работниот однос. Појасни дека приговорот е поднесен од Мери Радевска, поранешен судија и член на Судскиот совет на РСМ и кој не бил потпишан, поради што бил вратен за разгледување на наредна седница. Со оглед дека сега е доставен потпишан приговор, денешен предлог е да се постапи по истиот.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа за предложениот Дневен ред.

За збор се јави Членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска** која наведе дека има ангажман во 14.00 часот од здравствени причини ќе ја напушти седницата. Од тие причини побара прва да ги изложи претставките.

Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека по однос на новата предложена точка истата да се стави на некоја наредна седница бидејќи може има нови елементи, односно нови докази и истата точка да биде за наредна седница.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој побара проширување на дневниот ред на начин што пред точката 8 да се додаде точка- Преиспитување на одлуката за мирување на дисцпилнинските постапки против судиите донесена од Судскиот совет на РСМ на 22.02.2024 година, за што ќе даде образложение и  нови аргументи за да го оправда предлогот. Понатаму, предлага под точка Разно да се расправа по донесените одлуки од Основниот суд Битола и Апелациониот суд Битола, за што членовите се запознаени.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** во врска со заклучокот за постапките за дицпилинска одговорност наведе дека нема против да се прошири дневниот ред, но тоа да биде после точка 7, за да биде присутна на истата.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека се согласува да се разгледува заклучокот за запирање на дицпилнските постапки против судиите заради распишани претседателски и парламентарни избори, но по однос на разгледување на одлуките на на Основниот суд Битола и Апелациониот суд Битола не би можел Советот да преиспитува бидејќи би се навлегло во сива зона затоа што Советот нема основ да ги преиспитува истите и не се согласува за таа точка.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека во точка разно секој може се да истакне и да предложи дополнување бидејќи не е посебна точка.

За збор  се јави Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека Советот мора да биде конзистентен, особено во вршење на надлежноста и следење на работата. Во вршење на надлежностите, Советот има обврска да го следи јавниот интерес. Се работи за одлука со правни последици од поширок карактер. Јавноста е разбранувана и треба да се види дали има издржана одлука.

Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека се согласува со ставот на членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** по однос на разгледување на одлуките на Основниот суд Битола и Апелациониот суд Битола. Во врска со предлогот на членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** за разгледување на заклучокот за запирање на дисиплинските постапки против судиите заради распишани претседателски и парламентарни избори смета

дека за истото се расправало многу долго на таа седница и доколку истиот има нови аргументи и докази најпрактично и целисходно би било предлогот да го достави во хартиена форма како би можеле сите членови да се запознаат, а потоа да се разгледува на наредната седница, се со цел да не се губи време на оваа седница која е со многу точки за рагледување и расправање.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** како реплика наведе дека дека има нови аргументи, а нови докази нема бидејќи се работи за примена на закон. Смета дека оваа одлука била избрзана. Наведува дека со оваа донесена одлука Советот станува нефунцкионален и не може да ја врши својата должност. Ако треба да се чека да заврши изборниот процес, тогаш треба и судовите да престанат со својата работа. Советот е самостоен и независен орган со обврска таа самостојност и незавосност да се обезбеди во судовите при вршење на надлежноста. Овие одредби на законодваецот ги донел се со цел за рамноправен натпревар во изборниот процес. Судската власт не е учесник во тој процес и не може да влијае врз истиот бидејќи претендира на самостојност и независност. Однесувањето на Советот не може да се поистовети со изборниот процес. Од тука не може дисциплинските постапки да се стават во мирување. Истите се итни и содржат рокови со преклузивен карактер и со истекот на тие рокови се доаѓа до несогледиви последици. На крај вината ќе биде на Советот.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Миљазим Мистафа** кој наведе дека колегата по однос на наведеното нема никави нови аргументи, Советот донесе одлука и истата не може повторно да се преиспитува. Оваа точка е затворена и е донесена одлука и истото ќе остане како став на Советот. Се работи за затворена тема. Истиот е против овој предлог. По однос на предлогот за во точка разно да се разгледуваат одлуките на Основниот суд Битола и Апелациониот суд Битола, се согласува да се расправа за истите и за ова го поддржува членот на Советот **м-р.Ивица Николовски.**

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека се согласува со колегата Ивица да се рагледа одлуката за запирање на дисциплинските постапки против судиите. Поголем дел од аргументите беа образложени на таа седница, меѓутоа истата е против тоа да се прошири дневниот ред за таа точка бидејќи дневниот ред е обемен. Таа точка треба да се разгледа на работните состаноци на Советот.

За збор се јави Претседателот на Советот **Весна Дамева** која упати прашање до членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** дали се согласува оваа точка најпрво да се разгледа на работен состанок.

Членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** наведе дека за него е битно сите заеднички уште еднаш да ја преиспитаат одлуката. До сега има барања од странките за итно постапување.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека под точка разно останува на колегата да го изнесе својот предлог, а по согласност на колегата **м-р.Ивица Николовски** повлечен е предлогот на оваа седница да се

разгледува одлуката за ставање во мирување на диспицплинските постапки заради изборниот процес. Исто така после дадениот конструктивен предлог на членот на Советот **м-р.Селим Адеми,** Претседателот на Советот **Весна Дамева** го повлече и својот предлог за под точка 2 да биде постапување по приговор поднесен против решенија на поранешниот член на Советот **Мери Радевска** и истиот ќе биде разгледуван на наредна седница.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** го стави на гласање предложениот дневен ред.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За" и ниту еден "Против" едногласно е усвоен предложениот дневен ред.

**Точка 1**

**Усвојување на Записник од 476-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 31.01.2024 година и продолженија од 01.02.2024 година и 02.02.2024 година**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека се работи за обемна седница која траеше 3 дена и обемен и долг записник за што изрази благодарност до стручната служба, по што отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** записникот го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За" и ниту еден "Против" е усвоен записникот од 476-та седница одржана на 31.01.2024 година и продолженијата од 01.02.2024 година и 02.02.2024 година.

**Точка 2**

**Утврдување на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека согласно евиденијата на Судскиот совет на РСМ има двајца судии кои што исполнуваат услови за старосна пензија и тоа Лидија Крстевска, судија на Основниот граѓански суд Скопје која исполнува услови за старосна пензија на 27.02.2024 година и Блашка Радиноска, судија на Основен суд Охрид која наполнила 64 години на 24.02.2024 година. Отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, а за оваа точка не се гласа, туку само се констатира престанок, Претседателот на Советот **Весна Дамева** констатира дека се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Лидија Крстевска судија на Основен граѓански суд Скопје на 29.02.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Блашка Радиноска, судија на Основен суд Охрид на 29.02.2024 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Точка 3**
**Избор на судии поротници на Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Гевгелија;**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на координаторот за Основен кривичен суд Скопје **м-р.Тања Чачарова Илиевска**

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека од страна на Претседателот на Основниот кривичен суд Скопје на 12.02.2024 година доставена е предлог листа за избор на судии поротници. По проверка на истата согласно законските надлежности и овластувања на Судскиот совет на РСМ, како и на координаторот на Основниот кривичен суд Скопје се утврди дека на дел од предложените судии поротници не им истекува сега мандатот и токму заради тоа остварен е контакт со Претседателот на судот и доставена е нова предлог листа. Согласно доставената нова предлог листа наведените судии поротници ги исполнуваат условите. На тројца од нив мандатот им истекува на 05.03.2024 година. Христина Илиевска е нов судија поротник. Координаторот предлага да се донесе решение и истите да бидат избрани од 06.03.2024 година и тоа: Александар Миле Здравевски, Валентина Благој Петровска и Лилјана Зоран Касапова кои видно од одлуката на Судскиот совет биле избрани за судии поротници на 05.03.2020 година. Предлага на истите да им започне новиот мандат од 06.03.2024 година бидејќи ги исполнуваат условите. Предложениот судија поротник Христина Злате Илиевска е нов предлог и бидејќи ги исполнува условите, предлага истата да биде избрана за судија поротник.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** и наведе дека во врска со заклучокот за избор на судии поротници за време на распишани избори, огласот бил пред распишување на изборите, списокот е доставен од страна на Претседателот на судот пред распишување на изборите, а и повеќето од предложените судии поротници веќе биле судии поротници, односно постапката е завршена пред распишување на изборите. Оттука истите треба да бидат избрани за судии поротници.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека треба да се цени од случај до случај и да се размисли, но добро е тоа што го објасни колегата м-р.Селим Адеми.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот за избор на судии поротници од страна на координаторот го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека има 10 гласа „За“ и ниту еден “Против”. Гласаат и припадниците на зедниците кои не се мнозинство во РСМ, со 5 гласа „За“ и ниту еден “Против” и донесена е следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**

За судии поротници на Основен кривичен суд Скопје се избрани:

1.Александар Здравевски;
2.Валентина Петровска;
3.Љиљана Касапова и
4.Христина Илиевска.

Одлуката влегува во сила од 06.03.2024 година.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на координаторот за Основниот суд Гевгелија за избор на судии поротници за тој суд.

Координаторот за Основен суд Гевгелија **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека од страна на Претседателот на Основниот суд Гевгелија доставена е предлог листа за избор на судии поротници. Постапката и во овој случај е започната и завршена пред да започне изборниот процес. Од страна на Претседателот на Основниот суд Гевгелијаза судии поротници предложени се: Марија Ангелова, Хана Попова Петрушева, Магдалена Стојанова и Гордана Попкочева. Истите ги исполнуваат условите за избор и нема пречка да бидат избрани за судии поротници. Предлага истите да бидат избрани за судии поротници.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** предлогот за избор на судии поротници од страна на координаторот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден “Против” е усвоен предлогот за избор на наведените судии поротници од Основниот суд Гевгелија и донесена е следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**

За судии поротници на Основен суд Гевгелија се избрани:

1.Марија Ангелова;

2.Хана Попова Петрушева;
3.Магдалена Стојанова и
4.Гордана Поп Кочева.
Одлуката влегува во сила од 01.03.2024 година.

**Точка 4**
**Разгледување и усвојување на анализа за потребни судиски места во Управен суд и основните судови на апелационо подрачје Скопје, апелационо подрачје Гостивар, апелационо подрачје Битола и апелационо подрачје Штип**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека со одлука на Судскиот совет на РСМ е формирана работна група која изготови анализа за потребните судиски места за наведените судови. Комисијата интензивно работеше заедно со стручната служба и се дојде до овој производ. Со ова се заокружува еден сериозен процес односно судската мрежа на потребните судиски места и ќе биде инкорпорирано во стратегијата за човечки ресурси. По однос по бројот на места во судската служба тоа е оставено на претседателите на судовите, се со цел да се детектираат сите слабости.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** како Претседател на комисијата ќе реферира по однос на оваа анализа. Појасни дека работната група одржала состанок и по доставено мислење од сите судови по однос на нерешени предмети од претходен период, примени предмети, вкупно во работа, решени предмети, месечна норма, годишна норма, прилив на предмети, како и мислењето на судовите, работната група го предлага следното:

**1.Управен суд** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 25,32 судии за 100% месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% тогаш се потребни 21,1 судија, а доколку нормата е надмината за 40% тогаш треба 18,08 судии. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 33 судии, а во моментот пополнетоста е со 28 судии, од кој еден е Претседател на судот. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 26 вклучително и Претседателот на судот. Судот има доволен број на судии за постапување. Во овој суд има намалување на приливот на предмети за 2.484 во 2022 година.

Продолжи со излагање за судовите од **Апелационо подрачје Битола.**
**1.Основен суд Битола** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 31 судија за 100 % месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 25 судии, а во моментот пополнетоста е со 16 судии, од кој 1 е претседател на судот, а 2 судии се упатени во друг суд. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 25

вклучително и Претседателот на судот. Овој суд има проблем околу организација и постапување бидејќи е енормно помал бројот на судии.

**2.Основен суд Крушево** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 1,84 судии за 100 % месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно 40% се намалува процентот на судии. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 3 судии, а во моментот нема ниту еден судија, бидејќи 1 судија е времено упатен во судот во кој воедно е и ВД Претседател на судот. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 2 вклучително и Претседателот на судот. За во иднина треба да се преиспита потреба од овој суд во судската мрежа односно дали треба да функционира како оделение на некој поголем суд во ова апелационо подрачје. Согласно наведеното овој суд навистина се соочува со проблем.

**3.Основен суд Охрид** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 18,54 судии за 100 % месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број процентуално се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 18 судии, а во моментот пополнетоста е со 9 судии. Претседателот на судот е избран од друг суд. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 14 вклучително и Претседателот на судот. Оттука е видно дека во овој суд е потребен поголем број на судии. Проблеми има и во овој суд.

**4.Основен суд Прилеп** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 20,99 судија за 100 % месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 18 судии, а во моментот пополнетоста е со 4 судии, од кои 1 е Претседател. Овој суд има сериозен проблем. Работната група смета 18 вклучително и Претседателот на судот.

**5.Основен суд Ресен** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 3,43 судија за 100 % месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 18 судии, а во моментот пополнетоста е со 9 судии. Претседателот на судот е избран од друг суд. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување се 3 судии вклучително и Претседателот на судот, наспроти барањето на судо од 4 судии.

**6.Основен суд Струга** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 13,52 судија за 100 % месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 15 судии, а во моментот пополнетоста е со 3 судии, од кои 1 е ВД Претседател. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 14 вклучително и Претседателот на судот. Во овој суд состојбата е алармантна.

Продолжи со излагање за судовите од **Апелационо подрачје Гостивар.**

**1.Основен суд Гостивар** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 26,19 судии за 100% остварена месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 24 судии, а во моментот пополнетоста е со 18 судии, од кои 1 е претседател на судот. 2 судии се времено упатени и тоа во Основен суд Кичево и Основен суд Тетово. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 24 вклучително и Претседателот на судот. Овој број се поклопува со мислењето од судот.

**2.Основен суд Дебар** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 3,69 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 5 судии, а во моментот пополнетоста е со 4 судии, од кои 1 е претседател на судот, а на 1 судија му мирува судиската функција бидејќи е избран за заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 4 вклучително и Претседателот на судот. Тоа е и бројот на судии кој овој суд го има во моментот.

**3.Основен суд Тетово** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 45,87 судии за 100% месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 26 судии, а во моментот пополнетоста е со 15 судии, од кои 1 е претседател, а на 1 му мирува судиската функција односно истиот е Член на Судскиот совет на РСМ. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 26 вклучително и Претседателот на судот. Овој број се поклопува со мислењето на судот.

**4.Основен суд Кичево** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 17,46 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 14 судии, а во моментот систематизацијата е пополнета со 4 судии, од кои 1 е претседател на судот. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 17 вклучително и Претседателот на судот, а воедно тој број е и според мислењето на судот.

Продолжи со излагање за судовите од **Апелационо подрачје Скопје.**

**1.Основен граѓански суд Скопје** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 94,36 судија за 100 % месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 77 судии, а во моментот пополнетоста е со 58 судии, од кои 1 судија е претседател на судот, додека пак 6 судии избрани од редот на Академијата се водат како времено упатени во други судови. На 2 судии им мирува функцијата, од кои едниот е Член на Советот, а на другиот му мирува поради избор на сопруг во дипломатско претставништво. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 77 вклучително и Претседателот на судот. Истото мислење го дава и судот.

**2.Основен кривичен суд Скопје** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 84,75 судија за 100 % месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено

судиската функција да ја вршат 70 судии, а во моментот пополнетоста е со 50 судии, од кои 1 судија е претседател на судот, додека пак 6 судии се водат како времено упатени во други судови. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 70 вклучително и Претседателот на судот. Ова мислење е идентично со мислењето дадено од судот.

**3.Основен суд Велес** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 16,01 судија за 100 % месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 18 судии, а во моментот пополнетоста е со 12 судии, од кои еден е ВД Претседател. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 17 вклучително и Претседателот на судот. Судот смета дека оптимален број судии е 18.

**4.Основен суд Кавадарци** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 11,53 судии за 100 % месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 10 судии, а во моментот пополнетоста е со 6 судии, од кои 1 е ВД претседател на судот. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 10 судии, а идентично е и барањето на судот.

**5.Основен суд Гевгелија** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 9,03 судии за 100% месечна норма. Проекција доколку нормата е надмината за 20% односно за 40% овој број се намалува. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 13 судии, а во моментот пополнетоста е со 8 судии, од кои 1 е претседател. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 10. Мислењето на судот се разликува од мислењето на работната група и истиот смета дека му се потребни 13 судии.

**6.Основен суд Кратово** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 2,12 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 3 судии, а во моментот пополнетоста е со 1 судија кој воедно е и претседател на судот, избран од друг суд. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 2 вклучително и претседателот на судот. За во иднина исто како и Основниот суд Крушево треба да се приспита потреба од негово функционирање како Основен суд односно дали да биде одделение на некој суд. Според мислењето на судот потребни се 3 судии за ажурно постапување.

**7.Основен суд Крива Паланка** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 5,04 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 6 судии, а во моментот пополнетоста е со 4 судии, од кои 1 е претседател, а 1 судија е времено упатен во Основниот граѓански суд Скопје. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 5. Мислењето на судот се разликува од мислењето на работната група и истиот смета дека му се потребни 6 судии.

**8.Основен суд Куманово**– за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 28,46 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја

вршат 34 судии, а во моментот пополнетоста е со 20 судии, од кои 1 е претседател. На 2 судии им мирува функцијата бидејќи еден е избран за Член на Советот, а другиот е избран за претседател на Основен суд Кратово. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 25, а мислењето на судот се разликува од мислењето на работната и истиот смета дека му се потребни 24 судии.

**9.Основен суд Неготино** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 4,73 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 6 судии, а во моментот пополнетоста е со 3 судии, од кои 1 е претседател. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 5, а идентично е и мислењето на судот по однос на бројот на судии.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** продолжи со излагање за судовите од **Апелационо подрачје Штип.**

**1.Основен суд Берово** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 3,24 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 3 судии, а во моментот пополнетоста е со 1 судија делегиран од друг суд. Состојбата и во овој суд е алармантна. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 3. Судот нема доставено мислење колкав број на судии му се потребни, бидејќи нема судија од тој суд.

**2.Основен суд Виница** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 3,11 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 3 судии, а во моментот пополнетоста е со 1 судија и 1 претседател на суд. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 3. Според судот потребно е уште 1 судиско место односно вкупно 3 судиски места исто како и предлогот на работната група.

**3.Основен суд Делчево** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 3,86 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 4 судии, а во моментот пополнетоста е со 1 судија кој истовремено е и ВД претседател. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 3. Судот нема доставено мислење по однос на бројот на судиски места.

**4.Основен суд Кочани** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 10,21 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 10 судии, а во моментот пополнетоста е со 7 судии, од кои 1 е претседател. Двајца судии се времено упатени во друг суд. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 10. Според мислењето на судот потребни се 8 судии.

**5.Основен суд Радовиш** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 5,74 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 6 судии, а во моментот пополнетоста е со 2 судии, од кои 1 е претседател. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 6, а според мислењето на судот потрени се 4 судии.

**6.Основен суд Свети Николе** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 4,21 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 4 судии, а во моментот пополнетоста е со 1 судија кој истовремено е и претседател на судот. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 4, а идентично е и мислењето на судот по однос на бројот на судии.

**7.Основен суд Струмица** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 17,04 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 20 судии, а во моментот пополнетоста е со 12 судии, од кои 1 е претседател. На 1 судија му мирува функцијата бидејќи избран за Член на Судскиот совет на РСМ, а на двајца судии им мирува функцијата бидејќи се времено упатени во друг суд. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 18 вклучително и претседателот на судот. Мислењето на судот е дека се потребни 20 судии

**8.Основен суд Штип** – за совладување на приливот во просек за 2020, 2021 и 2022 година биле потребни 21,25 судии за 100% месечна норма. Со одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено судиската функција да ја вршат 19 судии, а во моментот пополнетоста е со 13 судии, од кои 1 е претседател. На 1 судија  му мирува функцијата бидејќи е избран за Член на Судскиот совет на РСМ. Работната група смета дека оптимален број на судии за ажурно и навремено постапување е 19, а судот смета дека овој број на работната група е доволен.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** отвори расправа.

За збор се јави Членот на Советот **Сашко Георгиев** кој наведе дека оваа анализа е реална и потребна. Истиот констатирал дека има околу 303 судии во прв степен. Проекцијата е дека се потребни 461 судија, што значи недостасуваат 158 судии. Во врска со Основниот суд Свети Николе, како координатор на судот наведе дека има техничка грешка бидејќи во судот во моментот има 2 судии, а работната група утврдила дека има само 1 судија кој е воедно и претседател на судот.

За збор се јави Членот на Советот **Павлина Црвенковска** која наведе дека работната група добро си ја извршила работата односно направила сеопфатна налаиза. Со оваа анализа Советот ја поставува основата за формирање на судската мрежа. Проекцијата за судиските места во иднина ќе се движи околу 436 судии, за разлика од последната систематизјација каде бројот бил 630 и нешто, што е намалување од скоро 200 судии. Ова е добра проекција. Советот треба да ги има предвид препораките на “Цепеш” дека треба да бидат 21,5 судии на 100.000 жители и оваа бројка во моментот се движи во тие рамки. Оттука треба да се утврди дали некои судови треба да се затворат, а некои да станат одделенија.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека оваа анализа е слика на реалната состојба. По однос на ставот на Членот на Советот **Павлина Црвенковска** дека треба да бидат 21,5 судии на 100.000

жители, таа бројка преставува параметер кој е даден, но не треба Советот да се врзува за него. Тоа може да биде појдовна точка. Меѓутоа бројот на судии во судовите се утврдува согласно приливот на предмети и сложеноста на предметите. Само така Советот ќе ја има реалната слика за бројот на потребните судиски места во судовите. Во западните земји приливот на предмети не е ни приближно како во нашата земја.

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** наведе дека ова е само препорака кон која треба да се стреми Советот. Истата е резултат на нормите на ЕУ и се препорачува за земјите кои се членки на ЕУ.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** и истакна дека бројот на судии се одредува според приливот на предмети, но истиот е директен одраз на некои реформи за да се доближиме до европскиот просек. Оставинските предмети излегоа од судовите и ги работат нотарите кои се повереници на судовите. Процентот на предмети во судовите по приговори од платните налози на нотарите е многу мал. Во судот местото е само за спорните предмети. Судовите се преоптеретени со предмети, но некои судови се многу повеќе од другите. Затоа судовите се посебна власт и не може да спаѓаат во администрација.

Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** наведе дека се согласува со анализата. Вкупната бројка која ја наведе членот на Советот **Сашко Георгиев** од 303 судии се однесува само на основните судови, бидејќи има околу 200 судии во апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на РСМ. Основниот суд Прилеп беше во катастрофална ситуација, а сега доаѓа до степен на стабилност и сигурност. Порано од овој суд се делегираа судии во други судови, а сега се дојде во ситуација судот да нема судии.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Ивица Николовски** кој наведе дека оваа анализа е документ со кој попрецизно се анализирани одредени состојби и потреби. Се согласува со сите дискутанти. Не се согласува дека со изработување на оваа анализа Советот престанува и работата се остава на 2-те власти. Ако се применува европски просек, тогаш треба да се обезбедат и европски услови за работа. Потребно е да постои волја кај другите две власти.

За збор се јави заменик претсеадтелот на Советот **Ханиф Зендели** кој ја поздрави работата на работната група за оваа анализа, но кај него се јавуваат дилеми. Почнувајќи од поголемите судови, на пример за Основниот граѓански суд Скопје предлогот е судот да има 77 судии на прилив до 65.000 предмети годишно, а за Основниот кривичен суд Скопје предлогот е судот да има 70 судии за прилив од 141.000 предмети во текот на годината што е голем дисбаланс. Основен суд Куманово по систематизација е предвидено да има 24 судии има прилив на предмети од 41.000. Основен суд Струмица со предвидени 20 судии, приливот е 23.000 предмети. Основен суд Штип по систематизација со 19 судии, приливот на предмети е 27.000. Основен суд Струга по систематизација предвидени се 15 судии, а има прилив од 23.000 предмети. Овој прилив е во континуитет за тие 3 години за кои е правена

анализата. Основен суд Битола има прилив од 38.000 предмети, а предлогот е 25 судии. Основен суд Тетово со 63.000 предмети прилив предвидено е да има по систематизација 26 судии и за Основен суд Гостивар е предвидено да има 24 судии, а приливот е 39.000 предмети годишно. Ако вака се споредат судовите ќе се види дека постои голема резлика помеѓу судовите и потребна е поширока и посеопфатна анализа по однос на овие состојби бидејќи постои голем дисбаланс помеѓу судовите. Но сепак предлогот ќе го подржи и за во иднина ќе треба да се најде решение за појасна слика за во судовите.

За збор се јави Претседателот на Советот, **Весна Дамева** наведе дека по однос на ваквата анализа се чекаше и пописот на населението и оваа мрежа беше блокирана. Не е само приливот на предмети, оваа анализа е направена врз основа на повеќе параметри, и тоа прилив на предмети, предмети по видови на 100 жители, нерешени предмети од претходен период, предмети во работа, решени предмети на крај на период, месечна норма, годишна норма, а водено се имаа предвид и мислењата на судовите. Во наредниот период ова може да се разграни за понатаму.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** кој наведе дека како член на работната група се имаа предвид сите фактори и парамери при анализата. Постојат некои ограниучувања, бидејќи некои од судовите правата проблем да се пополнат судиските места и кадровските. Доколку некој од членовите на Советот има предлог да се смени некоја бројка слободно може да каже и да се дискутира за тоа.

Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** наведе дека за сите судовие се користени исти параметри и нема дилема дека бројките се тие. Во иднина може да се внесат и други параметри, но во овој момент оваа анализа е сеопфатна и прифатлива.

Бидејќи повеќе никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева** анализата за потребниот број на судиски места во Управниот суд и основните судови од Апелационото подрачје Скопје, Гостивар, Штип и Битола ја стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден “Против” СЕ УСВОЈУВА Анализата за потребниот број на судиски места во Управниот суд и основните судови од Апелационото подрачје Скопје, Гостивар, Штип и Битола.

## Точка 5
## Разгледување на Акциски план

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека се работи за Акциски план за спроведување на препораките на Европската унија упатени до Судскиот совет на РСМ. Целта и патоказот е во насока и има огромна желба на сите членовите да се подобри состојбата во Судскиот совет на РСМ и да се зацрсти и зајакне угледот на ова тело. Овај план беше работен многу интензивно и многу брзо. Изрази огромна благодарност до тимот на експерти и до сите учесници. Се работеше 3 дена и 3 ноќи за да се излезе час поскоро со

готов документ. При тоа имајќи го предвид извештајот на Република Северна Македонија за 2023 година кој што беше објавен од Европската комисија на 8 Ноември 2023 година во насока за надминување на тие состојби, Судскиот совет на РСМ во наредниот период ќе се залага за заштита на интегритет и независноста на судиите и институциите и ќе се спротивстави на секое влијание. Основна заложба и понатаму останува неговата транспратентност и ефиканост. Притоа Судскиот совет на РСМ сметаше за потребно и тоа го нотира во текстуланиот дел од акцискиот план дека ќе се насочи кон подбрување на процесот на избор и одговорност на судиите и членовите на Советот, како и подобрување на транспаретнтноста и комуникацијата со ресурите на Советот. Во периодот јануари – февруари членовите Советот ги разгледаа сите документи и донесени заклучоци дека тие се релеванти, целисходни и содржат насоки за унапредување на капацитетот на Советот и за спроведување на препораките потребно е да се усвои посебен акциски план кој преставува продлабочување на мерките и активностите предвидени во развојната секторска стратегија во правосудстовото за период 2024 -2028 година. Акцискиот план е изготвен во табели. Во него има текстуален дел, акциски мерки, одговорно лице или тим, потребни ресурси, временска рамка и индикатори за успех. За некои временски рамки за одредени препораки како краен датум е дефиниран декември 2024 година. Беше дефинирано кои ќе ги извршува тие акциски мерки и потребните ресурси.

За збор се јави членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** која наведе дека генерално како држава и судство за многу работи постои зависност од проекти. Не може постојано да има зависност од проекти. Откако ќе заврши проектот нема одржливост. Судовите добиваат опрема за снимање на рочиштата, но потоа нема пари за одржување. Заради тоа има претставки од странките дека рочиштата не се снимаат. Опремата за тонско снимање на рочиштата не функционира во 70% од судниците во Основниот граѓански суд Скопје.

Членот на Советот **м-р.Миљазим Мустафа** наведе дека поголемиот број на дискусии на колешката Антоанета се однесуваат за генералниот акциски план кој беше усвоен минатиот месец, бидејќи овој акциски план се однесува за препораките на Европската унија упатени до Судскиот совет на РСМ.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** наведе дека на Советот му се потребни вработувања за информатичар и статистичар со временска рамка јуни 2024 година, што е невозможно бидејќи барањата за овие вработувања беа одбиени од страна на Министерството за финансии. Ова значи дека Советот е блокиран од извршната власт затоа што истата не постапила по тие барања уште од декември 2023 година – Јануари 2024 година.

Членот на Советот **м-р.Тања Чачарова Илиевска** наведе дека покрај потребата од информатичар, постои потреба и од компјутери, бидејќи истата работи со неисправен компјутер, кој е неопходен за редовна работа и тоа: изготвување на извештаи, работа по барања за утврдување на одговорност на судија, работа по претставки, користење на апликации – ЈКМИС, Регистер на судии, Контролник на судови и др.

За збор се јави Членот на Советот **м-р.Селим Адеми** кој наведе дека се работи за проблеми во Советот кои постојат години наназад. Од друга страна Судскиот совет на РСМ треба да работи по закон и устав. Малите плати на другите вработени не е работа на Советот. Не се почитува Законот за употреба на јазиците бидејќи 5 години не е среден системот.

Членот на Советот **м-р.Антоанета Димовска** наведе дека многу колеги работата ја работат совесно и чесно и тешко е да му се објасни на граѓанинот кога е во право, но не може да му се помогне од други објективни причини. Судиите, судовите и Советот работат согласно закон. Граѓаните имаат право на таква перцепција, но судовите решаваат илјадници предмети. Судиите не се исти со министрите, бидејќи на судијата со закон му е забрането било каков приход освен таа плата. За да работи совесно и чесно судијата треба да биде платен за еден достоинствен живот.

Со оглед да повеќе никој не се јави за збор, Претседателот на Советот **Весна Дамева,** Акцискиот план за спроведување на препораките на Европската унија упатени до Судскиот совет на РСМ го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ и ниту еден “Против” СЕ УСВОЈУВА Акцискиот план за спроведување на препораките на Европската унија упатени до Судскиот совет на РСМ.

**Точка 6**

**Разгледување и усвојување на извештаи за четвртото тромесечие за работата на судовите во Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот **Весна Дамева**, по однос на извештаите му даде збор на известителот Павлина Црвенковска.

Членот на Советот, **Павлина Црвенковска** откако наведе дека секој член на Советот ги има материјалите пред себе, наведе дека во кратки црти ќе го образложи извештајот за четвртото тромесечие за работата на судовите на РСМ за 2023 година, така што за овој квартал судовите се оценуват на следниот начин: Врховниот суд на РСМ се оценува како НЕАЖУРЕН, Апелационен суд Гостивар се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Гостивар се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Дебар се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Кичево се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Тетово се оценува како АЖУРЕН, Апелационен суд Скопје се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Велес се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Гевгелија се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Кавадарци се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Кратово се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Крива Паланка се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен суд Куманово се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Неготино се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен кривичен суд Скопје се оценува како АЖУРЕН, Основен граѓански суд Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН. На ниво на Република Северна Македонија судовите месец октомври 2023 година го започнале со нерешени 152704 предмети, примиле во работа нови 144870 предмети, имале вкупно во работа 297513 предмети. Од

овој фонд на предмети решени се 167234 а останале нерешени 129754 предмети. Во четвртиот квартал на 2023 година на ниво на РСМ судовите успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 22950 предмети. Во четвртиот квартал на 2023 година на ниво на РСМ работата на судовите се оценуваат како АЖУРНИ.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** му даде збор на известителот м-р Антоанета Димовска.

Членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** наведе дека накратко ќе го изложи извештајот за четвртото тромесечие за работата на судовите на РСМ за 2023 година, така што за овој квартал судовите се оценуват на следниот начин: Виш управен суд на РСМ се оценува како НЕАЖУРЕН, Управен суд се оценува како АЖУРЕН, Апелационен суд Битола се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен суд Битола се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Крушево се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен суд Охрид се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен суд Прилеп се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Ресен се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Струга се оценува како НЕАЖУРЕН, Апелационен суд Штип се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен суд Берово се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен суд Виница се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Делчево се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Кочани се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Радовиш се оценува како НЕАЖУРЕН, Основен суд Свети Николе се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Струмица се оценува како АЖУРЕН, Основен суд Штип се оценува како АЖУРЕН, што значи на ниво на Република Северна Македонија судовите месец Октомври 2023 година го започнале со нерешени 152704 предмети, примиле во работа нови 144870 предмети, имале вкупно во работа 297513 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 167234 а останале нерешени 129754 предмети. Во четвртиот квартал на 2023 година на ниво на РСМ судовите успеале да го совладат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за 22950 предмети.Во четвртиот квартал на 2023 година на ниво на РСМ работата на судовите се оценуваат како АЖУРНИ.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** отвори дискусија.

Членот на Советот, **м-р Селим Адеми** се јави за дискусија и бараше појаснување околу извештајот на Врховниот суд на РСМ, бидејќи за истиот во кварталниот извештај нема податоци и е констатиран како неажурен суд, дали Врховниот суд на РСМ не ги доставил извештаите навреме за четвртото томесечие.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** наведе дека не и се познати причините, но се согласува дека кварталните извештаи треба навреме да се доставуваат. Појасни дека од страна на Претседателот на Врховниот суд е доставено известување дека отутството на денешната седница е поради тоа што го разгледуват годишниот извештај за работата на Врховниот суд, со оглед дека предвидениот законски рок согласно чл.37 ст.4 од Законот за судовите е најдоцна до денеска и можеби од тие причини кварталниот извештај не е доставен, а во наредната точка го имаме и годишниот извештај. Инаку и во

годишниот извештај нема податоци за работата на Врховниот суд, причината е таа бидејки денеска треба да го усвојат и тој ке биде како посебен извештај и истиот со овие други извештаи ќе бидат земени при анализа за годишниот извештај на Судскиот совет на РСМ.

Членот на Советот, **м-р Селим Адеми** реплицира: без разлика дека Врховен суд работи за да го заклучат годишниот извештај, но тие се задолжни во предвиден рок да го достават до Судскиот совет на РСМ за заклучување на кварталниот извештај и доставување на истиот што значи Судскиот Совет не го интересира кога е последен или прв ден на рокот, сепак тие треба навреме да го доставуваат до Судскиот совет. Сепак се согласувам да го поминеме овој извештај за тоа што имаме податоци, но за нареден пат да му се укаже на Врховниот суд да не се повторува овој пропуст.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** се согласува со членот на Советот Селим Адеми, но појасни дека причина заради која Судскиот совет доцни со усвојување на овие извештаи е тоа дека дел од судовите доцна доставуваат податоци, така што е во право колегата и од наредниот квартал веќе ќе укажуваме генерално на сите судови, не може тримесечни извештаи да се усвојуват после 3 месеци и тука Судскиот совет ќе покаже неажурност. Укажа дека генерално судовите во РСМ го совладале приливот на предмети и за овој квартал се за пофалба.

Го стави на гласање извештајот и консттаира дека со 10 гласа “За“ е донесена следната

О Д Л У К А

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за четвртото тромесечие за работата на судовите во РСМ (освен извештајот на Врховниот суд на РСМ).

**Точка 7**
**Разгледување и усвојување на годишните извештаи за работата на судовите во Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот, Весна Дамева, по однос на годишните извештаи за работата на судовите за 2023 година, им даде збор на известителите.

Членот на Советот, **Павлина Црвенковска** наведе дека на ниво на РСМ судовите месец јануари 2023 година го започнале со нерешени 109124 предмети, примиле во работа нови 619761 предмети, имале вкупно во работа 732273 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 600840 а останале нерешени 129754 предмети.

Заменик претседателот, **Ханиф Зендели** истакна процедурална забелешка по однос на несовпаѓање на бројките, по што известителот **Павлина Црвенковска** појасни дека се работи за погрешно прочитана бројка и дека овие податоци се без извештајот на Врховниот суд на РСМ, по што продолжи со излагањето.

За 2023 година од 33 суда за ажурни се сметаат 13 суда, додека како неажурни се 20 суда и тоа 3 од апелациони судови, 17 основни судови.

Врховниот суд на РСМ се оценува како НЕАЖУРЕН**,** Апелациониот суд Гостивар се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Гостивар се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Дебар се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Кичево се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Тетово се оценува како НЕАЖУРЕН, Апелациониот суд Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Велес се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Гевгелија се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Кавадарци се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Кратово се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Крива Паланка се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Куманово се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Неготино се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Скопје 1 Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Скопје 2 Скопје се оценува како НЕАЖУРЕН.

Членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** како известител за останатите судови го изложи следното: Вишиот управен суд се оценува како НЕАЖУРЕН, Управниот суд се оценува како АЖУРЕН, Апелациониот суд Битола се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Битола се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Крушево се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Охрид се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Прилеп се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Ресен се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Струга се оценува како НЕАЖУРЕН, Апелациониот суд Штип се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Берово се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Виница се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Делчево се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Кочани се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Радовиш се оценува како НЕАЖУРЕН, Основниот суд Свети Николе се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Струмица се оценува како АЖУРЕН, Основниот суд Штип се оценува како АЖУРЕН.

Претседателот на Советот**, Весна Дамева** отвори дискусија.

Членот на Советот**, м-р Селим Адеми** наведе дека за овој извештај подетално ќе зборува и дека треба да се дискутира за извештајот затоа што сите ја знаеме ситуацијата во која работат судовите, ниеден суд не работи со полн капацитет, фалат судии, ресурси, служба и други работи, но сепак многумина ќе го критикуваат судството. Се прашува дали има некоја друга институција во Државата што за една година имаат решено над 600 000 предмети и реално кажано околу 80% од државата ни се врти по судови, што значи во судска постапка секогаш имаме по две странки, а едната странка секогаш ќе биде незадоволна и мене некој ме критикува затоа што ја гледам и кажувам реалноста со бројки, се надевам да биде и перцепцијата на граѓаните точна, жал ми е што не е интересна на медиумите и на јавноста оваа точка и овие податоци, но не смее да се каже дека судовите не работат кога повеќе од 600 000 предмети се завршани во нашите судови и врз основа на овие податоци ова е за почитување, од тоа што ја гледаме сите прават напори и работат над нормата што според мене треба да ги пофалиме судовите.

**Членот на Советот, м-р Антоанета Димовска,** член на Советот се согласува и целосно го поддржува колегата Селим Адеми во неговата дискусија што значи споредено број на судии и решени предмети, секој судија решил по 2000 предмети, па нека се пофали некој функционер што решил 2000 предмети во кои имал најмалку две странки што треба да се реши нечиј проблем и посочи дека многу и е драго што се отвори ваква дискусија. Ги поздравува колегите кои што вложуват напор и работат и наведе: секогаш ќе бидам против колеги кои не работат согласно со законот, но ова се факти и бројки и ние мора да го поздравиме, пополнетоста со стручни служби се помеѓу 30 и 40 % во судовите, а тие луѓе, судската администрација е една од столбовите за да се реши еден предмет, па и тие луѓе се за пофалба бидејќи вложиле тројно напори. За нас перцепцијата на граѓаните е многу важна, но треба да се фокусираме и да направиме нешто повеќе за владеењето на правото, затоа што владеењето на правото е и перцепцијата ама е и реалноста. Упати честитки до сите колеги кои дале ненормални напори за да решат толкав број на предмети.

Членот на Советот, **м-р Ивица Николовски,** целосно се согласува со укажаното од колегите и наведе: од мене честитки навистина од бројките што се гледат, колегите судии навистина биле трудољубови во изминатата 2023 година, но она што посебно ми пречи во очи и поставувам прашање дали критериумите врз основа на кој се произнесуваме за ажурен или неажурен суд се реални, сакам да правам компарација помеѓу два суда како што е Основниот суд Тетово кој во 2023 година постапувал по 63180 од кои решил 59439 предмети и останале 3741 и е квалификуван како неажурен, сите знаеме ОС Тетово со колку судии работи и го споредувам со Основниот граѓански суд Скопје кој во 2023 година вкупно во работа имал 65488, решил 45422 предмети и останале 20066, многу блиска бројка имаме, но разликата со судии е огромна помеѓу овие два суда, а бројката во предмети не е толку со голема разлика и сега ОС Тетово е неажурен а бројката покажува и те како тој мал број на судии си вложиле труд, значи во 2023 година ОС Тетово постапувал по 63180 предмети. Основниот граѓански суд Скопје е со нешто повеќе од 2000 предмети, но која е бројката на судии во едниот и во другиот суд, Основниот суд Тетово има дупло или повеќе од дупло помала бројка на судии, сега и едниот и другиот суд се неажурни и затоа прашувам врз основа на кои параметри е ажурноста, дали се реални параметрите кои даваат слика за ажурноста, за мене ако го споредуваме бројот на суди е огромна разликата и гледам дека не се исти критериумите.

Членот на Советот, **Сашко Георгиев** наведе: во интерес на времето не сакам да се повторувам и се согласувам со мислењата на колегите за постигнатите резултати во таквите услови, но не треба само да се фалиме туку и да имаме и критики, треба да ја гледаме и другата страна на терен каде што имаме промена на генерации, добар дел од судиите последните две три години заминаа во пензија и доаѓат нови млади генерации кои што ги носат сите овие последици како негативна критична перцепција за судството, а од друга страна и сите овие резултати кои што ги постигнуват, така да само ќе поттикнам за малку повеќе во делот на јавноста и граѓаните да ги гледат работите малку пообјективно и пореално на сегашните состојби.

Членот на Советот, **м-р Селим Адеми** наведе дека оценувањето на ажурен или неажурен ние го правиме врз основа на една година, што значи секогаш треба судовите да имат завршено еден предмет повеќе од тоа што примиле за една календарска година, што значи ако не завршиле еден предмет плус со автоматизам судот е неажурен затоа со проектот МАТРА што работиме за годишните извештаи има нов терк за истите извештаи, кога ќе ги работиме по работилници ќе видима дека на почеток се дава и самиот претседател да дава оценка за судот каде ќе се предвидуват и оценуват зашто е во оваа состојба судот и ќе се објасни зашто не се постигнува сите предмети да се завршуваат, што значи ние гледаме само еден параметар. Како пример посочи во 2023 година ако примал 50 000 и еден предмет под 50 000 предмети, тој суд е неажурен или еден предмет плус тогаш е ажурен што значи ние само со овој параметар ја цениме ажурностата или неажурноста, други параметри немаме.

Членот на Советот, **Сашко Георгиев** се согласува со Селим Адеми дека во тој дел треба нови реформи односно нов начин на пресметка, овие правилници се стари 30 години со кои се утврдува ажурноста или неажурноста и во тој дел дојде време да се менуваат работите.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** појасни дека по прекинувањето на проектот МАТРА пак е започнат истиот и веќе имавме два дена работилници и ова ни е приоритет кој го истакнавме за да имаме едни квалитетни и реални извештаи .Меѓутоа во овој момент ние немаме можност да интервенираме за сето тоа, сега час поскоро треба да работиме интензивно на тоа и треба огромна благодареност до целиот тим, до Владата, Амбасадата на Холандија што ни овозможи и ја виде неопходноста за таа потреба на проектот.

Членот на Советот**, м-р Ивица Николовски** дискутира дали параметрите врз основа со кои се определува ажурноста или неажурноста даваат реалната слика затоа што се гледа од севкупните резултати наведени посебно за секој суд, се гледа вложен труд, резултати од работењето меѓутоа крајниот резултат е неажурноста, добро што и ние евалуираме и што сакаме да имаме нови методологии како во иднина да ја цениме ова класификација на ажурен или неажурен суд.

Членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** истакна дека ги зема овие податоци како точни бидејќи се вадат директно од системот и не може да има грешки, јас проблемот го гледам поинаков.На пример ако го земаме Основниот граѓански суд Скопје со Основниот суд Тетово да ги споредуваме, точно произлегува дека тука некаде биле со предмети, меѓутоа нема направено длабинска анализа, колку се тоа предмети спорни, колку неспорни бидејќи тука спаѓаат предметите кај што Нотарите се повереници на суд, значи ние немаме подлабинска анализа и јас верувам дека ако Вие го споредувате Основниот граѓански суд Скопје ќе испадне дека тоа се спорните предмети со овој сегашен начин со кој се разгледуват годишните извештаи, инаку споредете ги месечните извештаи, ако се вратиме назад по вид и број ќе има разлика.

Членот на Советот, **м-р Тања Чачарова Илиевска** упати прашање: мене не ми е јасно околу годините кои што се анализирани, еве во Основниот граѓански суд Скопје претпоставувам дека е техничка грешка, зборува за 2022 година?

Членот на Советот, **Павлина Црвенковска** појасни дека е тоа споредба со претходната година како бил судот претходната година затоа е ставена така но се гледа дека има техничка грешка во пишување на годините која грешка треба и ќе се корегира.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** се се соогласува со дискусиите и наведе: апсолутно сме на иста страна дека заклучокот е единствен, сите судии даваат максимални напори и навистина енормно многу предмети се заведуват и се решаваат, меѓутоа јас не би тргнала само од решени предмети кои што се 600840 предмети, јас би ја земала бројот од вкупни предмети во работа, а тоа е 732273 предмети, таа е реална бројка затоа што покрај решените предмети на судиите околу 130 илјади предмети имаат плус и по тие континуирано постапуват и ги работат, проучуваат што значи дополнително освен решените предмети вложуват напори и превземаат дејствија на тие 130 000 останати предмети, факт е таа бројка и многу лесно кај судиите може да се направи пропуст, кој доколку не е намерно и е без штета, апсолутно не може да се стави на товар на судиите и треба да ја имаме во предвид состојбата и тука никогаш немавме различни ставови дека некој ако направил пропуст, поради тоа треба да биде санкциониран. Гледам дека имаме заеднички став само на тие судии што прават крупни професионални грешки, што се однесуваат несовесно, нестручно и неажурно и со очигледна намера по негова вина само тие судии треба да се санкционират, другите судии чесни, совесни и одговорни кои се во огромен број, сметам дека Судскиот совет во иднина треба да размислува барем на една јавна пофалба дури и со име и презиме да ги пофалиме што мислам дека таа јавна пофалба ќе им значи многу. Судскиот совет не служи само за санкционирање, туку внимава и за тие што заслужуват пофалби и не е како што некој ја вика куќата на стравот, туку спротивно, Судскиот совет е за судиите и треба да наоѓаме начин како да ги пофалиме тие што заслужуват.

Откако никој повеќе не се јави за збор, го стави на гласање годишниот извештај и консттаира дека со 10 гласа “ЗА“ е донесена следната

О Д Л У К А

СЕ УЈСВОЈУВА Годишниот извештај за работата на судовите во РСМ, (освен извештајот на Врховниот суд на РСМ).

**Точка 8**

**Разгледување на прашањето за начинот на постапување на Советот по донесувањето на Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за распишување на претседателски и парламентарни избори, а во врска со објавен оглас за избор на членови на Судски совет на Република Северна Македонија**

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** наведе дека во врска со донесената Одлука на Собранието на РСМ за распишување на претседателски и прламентарни избори, Советот на 479-та седница од 21.02.2024 година донесе два заклучоци со кои што се стават во мирување постапките за утврдување на одговорност и постапкисте за избор на судии односно претседател на суд во сите фази на постапување, поради што сега дополнително се јави потреба за дискусија по однос на начинот на постапување и донесување на Одлука во врска со објавениот оглас за ибор на членови на Судскиот совет на РСМ.Отвори дискусија по точката.

Членот на Советот, **м- р Селим Адеми** наведе дека од причини што пред гласањето на дневниот ред имаше една расправа каде се бараше да се разгледува едната одлука, па одлучивме да имаме работен состанок и отпосле да биде на седница, смета дека и оваа точка е поврзана со претходниот работен состанок и дека треба да се расправаат заедно, па најверователно на наредната седница да бидат ставенио на дневен ред.

Членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** се согласува и е прифатлив предлогот на колегата Селим Адеми, но смета дека нема ништо да се случи драстично од одржување на работен состанок до наредната седница.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** исто така се согласува со предлогот на колегата Селим Адеми бидејќи тоа би било во текот на наредната недела, понеделник имаме колегиум така да ништо нема да се промени за една недела и мислам до наредната седница ќе се искристализира ставот така што предлогот е во ред и консттаира дека оваа точка ќе се разгледува дополнително.

**Точка 9**

**Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судски совет на Република Северна Македонија и тоа;**

- УПП бр. 7/24, 22/24, 33/24, 44/24, 55/24;
- УПП бр. 20/24, 42/24, 53/24;
- УПП бр. 301/23, 9/24, 23/24, 45/24; одложени.
- УПП бр. 156/23, 342/23, 3/24, 26/24, 37/24, 47/24, 57/24;
- УПП бр. 130/23, 260/23, 276/23, 305/23, 316/23, 327/23, 340/23, 371/23;
- УПП бр. 306/23, 352/23, 396/23, 409/23, 11/24, 17/24, 50/24;
- УПП бр. 21/24, 43/24, 54/24, 63/24;
- УПП бр. 399/23, 406/23, 18/24, 40/24;
- УПП бр. 403/23, 16/24, 27/24, 38/24, 48/24;
- УПП бр. 1/24, 13/24, 36/24, 51/24;
- УПП бр. 272/23, 354/23 ;

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** најнапред му даде збор известителот м-р Тања Чачарова Илиевска член на Советот, која поради здравствени причини треба да ја напушти седницата порано.

Членот на Советот, **м-**р Тања Чачарова Илиевска наведе: по претставката УПП.бр.403/23 се изразува незадоволство од постапување по предметот У-2 бр.371/22 во Управниот суд. Тужбата е поднесена на 13.09.2022 година, поднесени се две ургенции за приоритетно решавање на предметот, но истиот сеуште нема правна завршница. Станува збор за обемен и сложен предмет од имотно - правен карактер кој е потребно добро да се разгледа и проучи од страна на судечкиот судија. Во конкретниот случај до Судскиот совет од страна на Управниот суд во два наврати се добиени одговори во насока дека ќе се одлучи по тужбата во најскоро време, но сеуште не е одлучено. Видно гореизнесеното, се констатира дека наводите во претставката се основани во смисла на чл.11 од Законот за управните спорови, па во таа насока Советот ќе продолжи да ја следи работата на судијата и постапувањето по предметот У-2 бр.317/22 и предлага претставката да биде основана и да се следи.

За дискусија се јави членот на Советот, **м-р Ивица Николовски** и предлага претставката да биде основана, но да се следи постапката.

Претседателот на Советот**, Весна Дамева** се согласува со предлогот на известителот. Со оглед да никој повеќе не се јави за бор, поторно му даде збор на известителот.

Членот на Советот, **м-р Тања Чачарова Илиевска** по претставка УПП.бр.16/24 од 10.1.2024 година и дополнување од 15.2.2024 година наведе дека се изразува незадоволство од постапување по предметот МАЛВПЛ1-П-45/23 кој се води пред Основен суд Куманово. Пред Основниот суд Куманово се води постапка по тужба на ДПТУ Автомобиле-СК ДОО експорт-импорт Скопје против тужен од Куманово застапуван од адвокат од Куманово во својство на подносител на оваа претставка за долг со вредност на спор 170.000,00 денари. Полномошникот на тужениот можел преку јавна објава на судот, односно веб страната да се информира дека рочиштето не е одложено и бил должен, особено бидејќи се работи за предмет од мала вредност по кој расправата веќе еднаш била одложена, да присуствува на рочиштето од 22.12.2023 година, или со заменичко полномошно да определи друг полномошник да ги заштити правата на властодавецот и да присуствува на рочиштето.Во останатиот дел наводите во претставката се непоткрепени, а видно од произнесувањето на судијата произлегува дека истите се неосновани.Во смисла на изнесеното нема незаконско, пристрасно и спротивно на закон постапување на судечкиот судија кој ги презел сите дејствија во своја надлежност да не се оддолговлекува постапката и да не се одлагаат неоправдано рочиштата. Предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија не се јави никој.

Претставката УПП.бр.08-27/24 од 15.01.2024 е поднесена поради незадоволство од постапувањето на Управниот суд, кој со Пресуда У-5.бр.1086/2022 од 20.09.2023 година ја одбил како неоснована тужбата изјавена против Решението на Градоначалникот на Општина Студеничани за утврдување на данок на имот, за недвижен имот - стан за одмор и рекреација.

Наводите истакнати за погрешна утврдената фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право како жалбени наводи ќе ги цени повисокиот суд, по повод поднесената жалба од подносителот на ден 20.10.2023 година. Во прилог на неоснованост на наводите за оддолговлекување на постапката е и фактот што по конкретната тужба од страна на тужителката било доставено барање за приоритетно решавање на предметот и истото било одобрено и од судијата известител и од претседателот на судот на ден 31.07.2023 година, по што била закажана јавна расправа на ден 15.09.2023 година, а одлуката била донесена на ден 20.09.2023 година. Предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** во 13:46 часот за кратко ја напушти седницата заради итна обврска, по што со седницата продолжи да раководи заменик претседателот.

Известителот по однос на претставката УПП-38/23 од 24.01.2024 година наведе дека е поднесена од анонимен подносител, Советот ја разгледал на седница одржана на ден 29.02.2024 година и одлучил по истата да не постапува. Согласно член 8 став 1 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на РМ, бр.82/2008; бр.13/2013; бр.156/2015 и бр.193/2015 ) органот кој постапува по претставките и предлозите нема да постапува по анонимна претставка, односно предлог, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврдено со закон, известителот предлага претставката да се затвара со службена белешка и да се следи. За дискусија не се јави никој.

Заменик претседателот на Советот, **Ханиф Зендели** констатира дека членот на Советот м-р Антоанета Димовска за наредната претставка се иззема.

Претставката УПП бр.08-48/1 од 26.1.2024 година - разгледана на седница на Советот на ден 29.02.2024 година и притоа е констатирано дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.08-85/18 од 1.02.2018 година која била разгледана на одржана седница на Советот на 28.03.2018 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен, како и дополнително поднесени претставки од истиот подносител заведени под УПП.бр.08-17/1 од 11.1.2021 година, УПП.бр.08-326/1 од 28.5.2021 година, УПП.бр.08-560/21 од 18.10.2021 година, УПП.бр.08-106/1 од 09.3.2023 година. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки по оваа претставка да не се постапува и истата да се архивира. Предлага претставката да биде затворена со службена белешка и поднесителот да не се известува бидејќи неколку пати е известен за истата претставка.

Членот на Советот **м-р Селим Адеми** се јави за дискусија и наведе дека не треба секогаш да му се доставува службената белешка на подносителот туку службената белешка е затоа што се заклучува предметот.

Заменик претседателот на Советот, **Ханиф Зендели** се согласува со колегата Селим и смета дека не се доставува службената белешка до подносителот. Друг никој не се јави за дискусија.

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели, ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-403/23, 16/24, 27/24, 38/24 и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр. 403/23 е основана.

Претставките УПП бр. 16/24, 27/24, 38/24 се неосновани

За претставката УПП бр. 08-48/24; се гласаше посебно бидејќи за оваа претставка се иззема членот на Советот, м-рАнтоанета Димовска и од 8 присутни, со 8 гласа „ЗА“ претставката е неоснована.

Членот на Советот **м-р Тања Чачарова Илиевска** во 14:02 часот ја напушти седницата поради здравствени причини.

Заменик претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките Сашко Георгиев.

Членот на Советот, **Сашко Георгиев** по претставката УПП.бр.08-7/24 од 09.01.2024 година наведе дека се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен граѓански суд Скопје, по предметот П2 бр.1024/23. Судскиот совет на Република Северна Македонија по извшените извиди и увид во изјавата доставена од судијата која постапувала по предметот констатира дека основано во претставката се наведува дека судијата задоцнила со постапувањето, односно дека дејствијата не ги превземала во законски предвидените рокови.Меѓутоа за ваквиот начин на постапување не постојат субјективни причини на страна на судијата, па аналогно на тоа не постои ниту несовесно и неодговорно постапување од нејзина страна, туку истото се должи на низа околности од објективна природа - огромен број на предмети во работа, кои во конкретниот случај на наведениот основ на предмет се сите од итен карактер, недостатокот на судии, организациската поставеност на судот, постапувањето само на двајца судии во одделот за семејни спорови... итн. Поради наведените причини смета дека не постои субјективна одговорност на судијата при постапувањето по конкретниот предмет и покрај околноста што одредени дејствија не се превземени во роковите утврдени со закон. Ваквиот став покрај горенаведените причини од објективна природа произлегува и се потврдува и од извршениот увид во месечните извештаи за работата на судовите од аспект на примени и одлучени предмети видно од кои во минатата 2023 година судијата постапувала совесно и одговорно по сите предмети и ја има надминато месечно утврдената норма на предмети што треба да ги реши судијата месечно. Од аспект на надлежностите на Советот утврдени во Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија квалитетот на водење на судската постапка и квалитетот на ажурно постапување по судските предмети како квалитативни критериуми за судиското работење предвидени во чл.80 ст.1 алинеа 1 и 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна

Македонија, во кој спаѓа и почитувањето на роковите за постапување Советот ќе ги земе предвид при оценка на работата на судијата, известителот предлага претставка да биде несновована.

Претседателот на Советот Весна Дамева повторно е присутна на седницата во 14:32 часот.

За дискусија се јави членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** која смета дека состојбата на Основен граѓански суд Скопје е тешка со бројот на судии од семејни спорови бидејќи со стотина предмети работат само двајца судии и тука не можеме да кажаме дека има субјективна пречка од страна на судијата и според нејзе оваа претставка е неоснована.

За дискусија се јави членот на Советот, **м-р Селим Адеми** кој потполно се согласува со предлогот на известителот дека претставката е неоснована. Друг никој не се јави за дискусија.

По претставка УПП бр.08-22/24 од 12.01.2024 година известителот наведе дека во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на претседателот на Основен суд Струга во врска со одлука за изземање на судечки судија од постапување по предмет П1 бр.124/23. По направените извиди и извршениот увид во изјавите доставени од претседателот на Основен суд Струга и судијата кој постапувал по предметот се утврди дека во конкретниот случај не е постапено согласно со одредбите од Законот за парничната постапка кои го уредуваат изземањето, односно не е постапено согласно со чл..67 ст.4 од ЗПП и чл.68 ст.1 од ЗПП од кои причини претставката е основана.Согласно со наведеното, Судскиот совет во врска со наведениот предмет ќе продолжи со иследувања и следење на работата на претседателот на судот и судечкиот судија, по што во рамките на своите законски надлежности доколку се укаже за потребно ќе пристапи кон превземање на дополнителни дејствија. Предлага претставката да биде основана.

За дискусија се јави членот на Советот, **м-р Антоанета Димовска** и наведе дека нема дилема по однос на основаноста на претставката и предлага да се постапи најбрзо по истата.

За дискусија се јави членот на Советот, **м-р Ивица Николовски** кој исто така се согласува со ставот дека претставката е основана и предлага на тие судии кои се поради исполнување на условите за старосна пензија не само да се поднесе барање на одговорност туку СС на РСМ да преземе иницијатива за кривично гонење поради основи за сомневање на злоупотреба на функција судија.

За дискусија се јави членот на Советот, **м-р Селим Адеми** кој исто така се согласува дека претставката е основана, но наведе дека треба да се има предвид дека во ОС Струга по систематизација од 15 судии, работат само 3 судии и сега да не прејудицираме и да обвинуваме судија кога ја знаеме ситуацијата. Друг никој не се јави за дискусија.

По претставка УПП бр.08-33/24 од 17.01.2024 година – известителот наведе дека Советот ја разгледал истата на седницата на Советот одржана на ден 29.02.2024 година и по расправата констатирал дека со известување УПП бр.08-189 од 16.10.2023 година подносителот веќе е известен по однос на наводите од претставката. Со оглед на тоа дека ново поднесената претставка во Советот заведена под УПП бр.08-33/1 од 17.01.2024 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата не се наведуваат нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози утврди дека нема основ за повторно постапување по претставката, заради што предметот се смета за завршен. Известителот предлага претставката да биде неоснована и да се архивира со службена белешка.

За дискусија се јави Претседателот на Советот **Весна Дамева** која појасни дека по однос на оваа претставка нема нови факти или докази и чл. 11 од законот е јасен.

За дискусија се јави членот на Советот, **м-р Ивица Николовски** кој предлага сите претставки што се повторуват со исти наводи да не се известува странката туку да одат директно ad acta.

За дискусија се јави членот на Советот, **Павлина Црвенковска** која исто така се согласува со предлогот на колегата Ивица Николовски дека предметите што се повторуват со исти наводи да не се известува странката туку да одат директно ad acta.

За дискусија се јави членот на Советот**, м-р Селим Адеми** кој исто така предлага претставката да се затвори со службена белешка.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** предлага во случај кога странката е незадоволна од одлуките на СС на РСМ треба да се извести за одлуката.

Членот на Советот м-р Антоанета Димовска истотака се согласува со предлогот на Претседателот на Советот дека странката треба да се известува. Друг никој не се јави за дискусија.

По претставка УПП бр.08-44/24 од 26.01.2024 година известителот наведе дека во претставката се изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Охрид по предметот ТС-16/23. Видно од содржината на поднесената претставка станува збор за спор по кој подолго време се постапува од страна на надлежните судови во Република Северна Македонија и тоа во сите истанци, од првостепен суд се до највисокиот суд во државата, Врховниот суд на Република Северна Македонија. Во конкретниот предмет во повеќе наврати се донесувани одлуки, како првостепени, така и второстепени, кои подоцна во постапка по ревизија пред Врховниот суд, на Република Северна Македонија биле укинувани и предметот вратен на повторно постапување. Наведеното упатува на заклучокот дека одлуките на пониските судови се ценети од повисоките судови, во конкретниот случај од Апелациониот суд Битола и од Врховниот суд на Република Северна Македонија во постапка по ревизија кои се единствено надлежни во постапка пропишана со закон да ги преиспитуваат одлуките донесени од страна на пониските судови. Судскиот совет на Република Северна Македонија нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна

на судовите. Согласно  одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Што се однесува до последната првостепена одлука – пресуда ТС – 16/23 од 07.12.2023 година донесена од страна на судијата од чија работа се изразува незадоволство видно од апликацијата „Контрола на судови“ против наведената пресуда подносителот има изјавено жалба. Во конкретниот случај станува збор за активен предмет во кој е  искористено правото на контрола на донесената првостепена одлука од страна на надлежен второстепен суд, кој е единствено надлежен да ги преиспитува одлуките на пониските судови.Предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

Претставка УПП бр.08-55/24  од  01.02.2024  година -се изразува незадоволство од постапувањето на  судија на Управен суд по предметот У-4.бр.560/22. Предметот е решен и завршен на ден 11.09.2023 година. Одлуката подносителот ја примил на 25.09.2023 година, а тужениот во постапката одлуката ја примил на 29.09.2023 година. По приемот на одлуката на Управниот суд против истата на ден 08.10.2023 година подносителот изјавил жалба, која е доставена на одговор на тужената страна во спорот на ден 10.11.2023 година . Од одговорот даден од судијата кој постапува по предметот произлегува дека до денот кога ја дава својата изјава Министерството за здравство како тужени орган во постапката до судот не ги доставил списите на предметот и покрај околноста што на ден 25.01.2024 година му била доставена ургенција од страна на судијата. Предметот поради недоставување на списите од страна на тужениот орган не може  да се прати до Вишиот управен суд за одлучување по жалба. Доколку предметот биде пратен на  одлучување до Вишиот управен суд без списи, истиот согласно одредбите од ЗУС најнапред административно ќе биде вратен со напомена да се побараат списите на предметот или пак после неколку ургенции за достава на списите,  доколку тоа не се случи, Вишиот управен суд предметот ќе го укине и ќе го врати на повторно одлучување пред Управниот суд бидејќи нема можност да се проверат жалбените наводи. Што се однесува до наводот од претставката дека судот бил должен да одржи расправа кое нешто во конкретниот предмет судијата не го сторил истиот е неоснован од причиин што во конкретниот предмет по предметот се одлучувало по списи кои биле доставени од тужениот Министерството за здравство.Според изјавата на судијата истата ќе достави уште една ургенција до Министерството за здравство со која повторно ќе се побара министерството као тужена страна да ги  достави списите на предметот и веднаш по нивното доставување предметот ќе биде пратен на одлучување до Вишиот управен суд. Во конкретниот случај станува збор за сеуште активен предмет во кој странката која е незадоволна од донесената одлука може да го искористи правото на контрола на донесената првостепена одлука, со поднесување на жалба до надлежен второстепен суд, кое право е искористено од страна на подносителот. Судскиот совет на нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно  одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука. Предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** ги стави на гласање предлозите на известителот  за претставките УПП бр.08-7/24, 22/24, 33/24, 44/24 и 55/24 и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставката УПП бр. 22/24 е основана.
Претставките УПП бр. 08-7/24, 33/24, 44/24 и 55/24 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките м-р Антоанета Димовска.

Членот на Советот, м-р Антоанета Димовска наведе дека во претставка заведена под УПП.бр.08-20/24 се изразува незадоволство од работата на Основниот суд Велес по предметот ТС.бр.4/21 и од Апелациониот суд Скопје по предметот ТСЖ.бр.1570/22. Исто така, до Судскиот совет на РСМ на ден 20.02.2024 година доставено е Барање за утврдување одговорност против судија на Основен суд Велес, заведено во Советот под бр.10-49/1 од 20.02.2024 година. Претставката УПП.бр.08-20/1 од 12.01.2024 година, Советот ја разгледа на седницата одржана на 29.02.2024 година и по расправата констатира дека се работи за идентични наводи како во Барањето за утврдување одговорност против судија заради што најцелисходно и најсоодветно е истата да се припои кон Барањето за утврдување одговорност против судија.Предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП.бр.08-42/24 е неоснована од следните причини. Во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од работата на Основниот суд Велес по предметот СТ.бр.111/17 во врска со стечајната постапка над “Фени Индустрија” АД Кавадарци-во стечај во смисла на тоа дека судијата не постапила согласно своите овластувања особено со правото на надзор врз работата на стечајниот управник. На ваквите неправилности истиот укажувал повеќе пати што се потврдило со укинувањето на решението на Основниот суд Велес СТ.бр.111/17 со решение на Апелациониот суд Скопје ТСЖ.бр.1975/18. Понатаму, Државната комисија за спречување на корупција, по поднесена претставка ваквите неправилности ги потврдила со одлука бр.12.-3970/8 од 09.06.2022 година каде било наведено дека комисијата не нашла документ за утврдување на актвина легитимација на “Глобал Спешл Опортјунитис ЛТД” или скратено “ГСОЛ” со што истиот бил со недоволна активна легитимација. Потоа го оспорува договорот за преработка на никелова руда склучен со “ГСОЛ” заведен кај стечајниот должник под бр.03.73/01.02.2018 година односно истиот е ништовен и е штетен за доверителите. Ова било регулирано со член 101 од ЗОО кој утврдува дека на ништовноста внима судот по службена должност и на неа може да се повикува секое лице кое има правен интерес. На крај, наведува дека во текот на стечајната постапка не се водело грижа за имотните интереси на сите доверители од стечајната маса, како и кон сите други заинтересирани за стечајната маса. Според него планот за реорганизација не бил поднесен во законскиот рок, ниту пак истиот се презентирал пред одборот на доверители заради што се доведува во прашање носењето на истиот бидејќи бил усвоен од страна на собранието на доверители на “Фени” каде најголем доверител бил токму “ГСОЛ”, без доволна активна легитимација. Наведува дека стечајниот судија утврдил побарувања

врз идни парични побарувања на доверители засновани на правни дела склучени спротивно на закон, а целата постапка се водела нетранспарентно и недомаќински, за што директно се одговорни стечајн иот судија и стечајниот управник. Од спроведените извиди, увидот во претставката, прилозите на истата и ијзавата на судијата кој постапувал по предметот, Советот најде дека решението на Основниот суд Велес СТ.бр.111/17 од 18.05.2018 година со кое се одобрил прифатениот план за реорганизација на доверителот “ГСОЛ” со седиште на Бахамите доставен во судот во стечајната постапка отворена над “Фени Индустрија” АД Кавадарци е потврдено со решение на Апелациониот суд Скопје ТСЖ.бр.2741/18 од 25.12.2018 година, што значи дека ваквиот факт го имал предвид и второстепениот суд при одлучување по поднесената жалба односно решението на првостепениот суд е правилно и законито. По однос на наводот за “недоволна активна легитимација” да му се укаже на подносителот дека ваквата активната легитимација постои или не постои, а од друга страна активната легитимација на наведениот субјект е потврдена со решението на Апелациониот суд Скопје ТСЖ.бр.2741/18 од 25.12.2018 година со кое е потврдено решението на Основниот суд Велес СТ.бр.111/17 од 18.05.2018 година. По однос на наводот во претставката дека договорот за преработка на никелова руда склучен со “ГСОЛ” заведен кај стечајниот должник под бр.03.73/01.02.2018 година е штетен, Советот му напоменува дека доколку договорот е ништовен секоја странка која има правен интерес може да се повика на ништовност и тоа е предмет на судска постапка, согласно законските прописи, меѓутоа Судскиот совет на РСМ воопшто не е надлежен да го цени овој навод. По однос на тоа дали истиот бил штетен, тоа било ценето во текот на водењето на стечајната постапка. Наводот во претставката дека стечајниот судија не се грижел за работењето на стечајниот управник е носнован бидејќи од списите Советот утврди дека надзорот над спроведувањето на планот за реорганизација на новоформираното трговско друштво “Ново Фени” ДООЕЛ Кавадарци е завршен-укинат и се разрешува од должност стечајниот управник, стечаен управник на стечајниот должник “Фени Индустрија” АД Кавадарци-во стечај. Огласот е објавен во “Службен весник на РСМ”, бр.270/22 од 15.12.2022 година. Воедно, Советот на подносителот му укажува дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП.бр.08-53/2023 е неоснована од следните причини: во претставката, меѓу другото, подносителот изразува незадоволство од Управниот суд по предметот У1.бр.21/22. Во истата наведува дека судијата на Управниот суд кој постапувал по предметот не го прифатил вештачењето кое го доставил на првото рочиште за главна расправа. Наведува дека се оградува од својот полномошник – адвокат кој не го известил дека не може да се достави вештачење во таа фаза на постапката, но смета дека судот требало да го прифати вештачењето зато што подносителот е стручен и го поседува сето знаење и вештини за да се изготви истото односно се работи за правно-економско вештачење, а не финансиско. Според него судијата пресудата ја напишала несмасно, со лаги и без точни наводи и само формално удирање на печат со цел прикривање на криминалот. Од спроведените извиди, увидот во

претставката и прилозите на истата, постапувајќи согласно законските надлежности во смисла на следење на работата на судовите во РСМ, Советот најде дека вештачењето кое подносителот го наведува во претставката може да се поднесе со тужба. Ова согласно член 235 став 1 од Законот за парничната постапка, бидејќи судот ќе изведе вештачење како доказ, ако странката со тужбата или одговорот на тужба го достави стручниот наод и мислење на вештакот. Според став 2 од истиот член, ако странката предлага вештачење како доказ, но стори веројатно дека постојат факти или околности за кои не може да го прибави вештиот наод и мислење, судот ќе определи вештачење со писмена наредба. Во наредбата судот ќе наведе во однос на кои факти или околности се врши вештачењето и на предлог на странката ќе определи на кого му се доверува вештачењето. Советот му напоменува дека по донесувањето на пресудата доколку е незадоволен има право на жалба до Вишиот управен суд, па воедно наводите во претставката второстепениот суд ќе ги цени како жалбени наводи при одлучувањето. Исто така, Советот на подносителот му укажува дека согласно член 13 став 3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, известителот предлага претставка да биде неоснована.

Во 14:40 часот се констатира од страна на Претседателот на Советот дека системот не функционира и потребно е да се ресетира.

Во 14:55 часот се констатира од страна на Претседателот на Советот дека техничкиот проблем е надминат, системот е ресетиран и е во функција и може да се продолжи со седницата.

За дискусија се јави членот на Советот- Мирсад Суроји кој наведе: по однос на реферирање на претставката бр.08-20/24 од страна на колешката Антоанета Димовска, Ве известувам дека во СС на РСМ од ист подносител, против ист судија со иста содржина има веќе поднесено Барање за утврдување на одговорност и поради тоа предлагам да не се гласа за таа претставка туку истата да се затвори со службена белешка и да се наведе истиот број.

Претседателот на Советот Весна Дамева упати прашање до известителот - Дали го повлекува предлогот?.

Известителот м-р Антоанета Димовска смета дека оваа претставка треба да се спои кон барањето. Друг никој не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот, Весна Дамева ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-20/24, 42/24, 53/24 и по гласањето констатира дека од со 9 гласа „За“, е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставките УПП бр. 08-20/24, 42/24, 53/24 се неосновани.

Претседателот на Советот Весна Дамева, му даде збор на следниот известител по претставките, м-р Ивица Николовски.

Членот на Советот, м-р Ивица Николовски наведе дека претставка УПП.бр.08-156/23 од 12.04.2023 година од страна на Министерството за правда со допис УПП.бр.08-55 од 29.03.2023 година до Судскиот совет отстапена е на надлежно постапување, поднесена од адвокат од Скопје кој изразува незадоволство од постапувањето на Основен кривичен суд по предметот 14К.бр.3713/15.Подносителот на претставката наведува дека со Пресуда на Апелационен суд Скопје КЖ.бр.57/18 од 31.01.2018 Пресудата на Основен суд Скопје 1 Скопје К.бр.3713/15 од 09.10.2017 година била преиначена и донесена била одлука со која се одбива обвинението. Во одлуката, Апелациониот суд Скопје се произнел трошоците на кривичната постапка да паднат на товар на буџетските средства на РМ, меѓутоа не се произнел во кој износ. Подносителот како бранител на четвртообвинетиот во завршните зборови на записник побарал неговата странка да биде ослободена од обвинението кое му се става на товар и предјавил трошоци кои согласно Тарифата ги прецизирал подоцна со писмено барање уредно доставено до судот.Бара од судот, да донесе дополнителна одлука и да се произнесе по однос предјавените трошоци за четвртообвинетиот, односно за висината на трошоците кои треба да паднат на товар на буџетските средства на РМ, а врз основа и согласно на поднесеното барање за трошоци и донесената второстепена пресуда, па истите да бидат исплатени.Посочува дека е одминат долг временски период од поднесеното барање и дека од седумте ургенции доставени до судот нема добиено одговор.Судскиот совет во неколку наврати се обрати до претседателот на Основниот кривичен суд Скопје со Барање известување за да биде доставено писмено произнесување од страна на предметниот судија по наводите во претставката, па по спроведените извиди и добиената изјава се констатира дека предметот со сите списи на ден 12.09.2018 година бил доставен на увид во Основниот граѓански суд Скопје, а истиот бил вратен на ден 20.12.2023 година. По враќањето на списите по предметот, истиот со писмо од 12.02.2024 година бил доставен на надлежност на Апелациониот суд Скопје, од причини што Апелациониот суд како второстепен суд со пресуда КЖ.бр.57/18 од 31.01.2018 година одлучил трошоците на кривичната постапка да паднат на товар на Буџетот на РСМ, а барањата за донесување на дополнително решение од обвинетите, преку нивните бранители биле поднесени преку Основниот кривичен суд Скопје до Апелациониот суд Скопје. Апелациониот суд Скопје на ден 15.02.2024 година предметот со сите списи го вратил на надлежност на Основниот кривичен суд Скопје, па од тие причини судот во најкраток рок ќе постапи по подонесеното барање за донесување на дополнително решение.Со оглед дека по повод истакнатото барање на подносителот од страна на Основен кривичен суд Скопје не било постапено подолг временски период се констатира дека наводите во претставката се основани, па во таа насока Судскиот совет во рамките на своите законски надлежности ќе го следи исходот на постапката по наведениот предмет, известителот предлага претставката да биде основана.

За дискусија се јави членот на Советот, м-р Селим Адеми и праша зошто толку време стои предметот без да се превземат дејствија од страна на СС на РСМ за претставката?

Известителот, м-р Ивица Николовски појасни дека неколку пати се превземани дејствија како барање за доставување на податоци, но никогаш не е добиен одговор.

М-р Антоанета Димовска, член на Советот, смета дека СС на РСМ треба малку поажурно да постапува, треба сите ние заедно да заземеме став колку ќе ги чекаме институциите што не доставуват одговор и дали треба да ги чекаме.

Претседателот на Советот Весна Дамева, апсолутно се согласува со колешката Антоанета Димовска и понатаму треба да донесеме некој Заклучок, да им се укаже генерално на сите судови кога СС на РСМ бара податоци веднаш треба да постапуваат затоа што имаат и законски рок. Друг никој не се јави за дискусија.

По претставка УПП.бр.08-342/23 од 25.10.2023 година, известителот наведе дека по спроведување на извиди за утврдување на основаноста на наводите во претставката и добиените изјави на судечките судии се констатира дека предметите на Управниот суд У.бр.582/18, У.бр.630/22, У.бр.763/21, У.бр.677/22, У.бр.672/19 и У.бр.579/18 се оформени по тужба против решенијата на Царинската управа и сите тужби се одбиени како неосновани. Против сите пресуди се изјавени жалби, по кои во дел Вишиот управен суд се произнесол, а во дел ќе се произнесе. Наводите во претставката се однесуваат на незадоволство на подносителот од начинот на примената на материјалното право од страна на судот, а во конкретниот случај судот во постапувањето со предмените спорови се раководел од одредбите уредени со Царинскиот законик, а не со посочените подзаконски акти. Предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јавил членот на Советот м-р Антоанета Димовска, побара објаснување околу shfake каталогот, не ми е јасно зошто Управниот суд не би утврдувал од каде Царинската управа го користи shfake каталогот?.

Известителот појасни дека и подносителот на претставката користел исти податоци како Царинската управа, но предлогот е различен односно поднесителот користел америчка метода на пресметувањето бидејќи е поповолен за него, но Царинската управа си има свои прифатливи начини како се утврдува царинскиот долг или вредноста на стока која е предмет на царина.

Членот на Советот м-р Антоанета Димовска укажа дека има неусогласеност помеѓу судиите бидејќи ако ги гледаме пресудите имаме различни пресуди некаде е усвоено тужбеното барање, а некаде е одбиено тужбеното барањето.

Известителот појасни дека сите 6 пресуди се одбиваат како неоснавани и кај Управниот суд апсолутно нема различен став. Друг никој не се јави за дискусија.

По претставка УПП.бр.08-3/24 од 09.01.2024 година известителот наведе дека се изразува незадоволство од пресудата на Основниот кривичен суд Скопје К.бр.1707/23 од 13.09.2023 година, во поглед на висината на изречената казна, односно невоедначената судска пракса. Имено, пресудата К.бр.1707/23

била донесена врз основа на признание на вина со која обвинетиот бил огласен за виновен за кривично дело - насилство и бил осуден на казна затвор во траење од 1 година и 3 месеци. Кривичното дело за кое е осуден обвинетиот било сторено заедно со уште едно лице кое за истиот правен настан, идентично со пресуда врз основа на признание на вина К.бр.625/23 од 27.10.2023 година било казнето со поблага мерка - условна осуда.Незадоволен од пресудата обвинетиот ја обжалил истата, Апелациониот суд Скопје постапувајќи по жалбата на ден 25.10.2023 година донел пресуда КЖ.бр.831/23 со која жалбата на подносителот била одбиена како неоснована, а првостепената пресуда била потврдена. Се посочува дека Основниот кривичен суд Скопје за ист кривично правен настан, сторен под исти околности, од осудени кои признале вина и претходно немале никаков судир со законот на едниот изрекува алтернативна мерка условна осуда, додека пак за другиот ефективна казна затвор.

По спроведените извиди по повод наводите во претставката и анализа на пресудите доставени прилог кон претставката се констатира дека Апелациониот суд Скопје при одлучување по жалбените наводи утврдил дека Основниот кривичен суд Скопје при определување на видот и одмерување на висината на кривичната санкција ги имал предвид сите околности од чл.39 од КЗ кои биле од влијание за индивидуализација на санкцијата. Како отежнувачки околности ги ценел видот и карактерот на кривичното дело, зачестеноста на ваквите кривични дела и општествената опасност од таквиот вид кривични дела, како и високиот стелен на кривична одговорност на обвинетиот изразена преку начинот на извршување на кривичното дело, а како олеснувачки околности ги ценел личните и семејни прилики на обвинетиот кој е семеен човек, татко на едно дете, неговото добро и искрено држење пред судот, признанието на кривичното дело и изразеното каење за истото, како и околноста дека оштетените не предјавиле имотно-правно барање и не се приклучиле кон кривичниот прогон. При постоење на такви околности, а незанемарувајќи дека за предметното кривично дело е пропишана казна затвор од три до десет години, судот со примена на одредбите за ублажување на казната, обвинетиот го осудил на казна затвор во траење од 1 година и 3 месеци која што е блиску до 1 година како долна граница на ублажување на казната, сметајќи дека и со една таква казна ќе бидат исполнети целите на казнувањето и воспитно и превентивно ќе се влијае врз обвинетиот и други да не вршат кривични дела. Во конкретниот случај судската пракса е воедначена, од причина што за посочениот кривично правен настан се изречени санкции предвидени со Закон, но казната е индивидуална зависно од придонесот на обвинетото лице во настанот. Предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јави членот на Советот, Павлина Црвенковска која постави прашање дали се побарани листи од изјавите на судите или извиди?

Известителот појасни дека извиди не се направени бидејќи нема потреба да се произнесува судија зошто по овој предмет донеле условна одлука а во друг предмет од друг колега е донесена друга санкција, бидејќи наводите во одлуката се дополнително проверени и од страна на повисок суд има одлука со која истата се потврдува. Друг никој не се јави за дискусија.

По претставка УПП.бр.08-26/24 од 15.01.2024 година известителот наведе дека все изразува незадоволство од постапувањето на Основниот кривичен суд Скопје по предметот К.бр.1005/21, оформен по приватна кривична тужба против подносителот на претставката. Се наведува дека предметниот судија во пресудата составил опис кој се разликува од описот кој е наведен во приватната кривична тужба, додавајќи битни елементи од битието на кривичното дело со што бил повреден објективниот идентитет на делото. По поднесената жалба од страна на подносителот, Апелациониот суд Скопје со Решение КЖ.бр.1026/22 од 22.03.2023 година жалбата ја уважил, предметот го укинал и дал напатствија за повторното судење. При тоа, изразува загриженост за постапувањето на предметниот судијата во наведениот предмет, бидејќи истата одбивала да ги имплементира насоките дадени од Апелациониот суд Скопје и да ги отстрани повредите кои ги сторила. По спроведените извиди по повод наводите во претставката и добиената изјава од страна на судечкиот судија се констатира дека по укинувањето на пресудата К.бр.1005/21 од страна на Апелациониот суд Скопје на ден 04.01.2024 година донесена била пресуда К.бр.998/23 врз основа на позитивните законски прописи, во истата било одлучено по слободно судиско уверување и со почитување на сите напатствија дадени од страна на Апелациониот суд Скопје.Наводите во претставката претставуваат жалбени наводи, односно се однесуваат на факти кои можат да бидат предмет на разгледување од повисок суд доколку подносителот навремено поднесе редовен правен лек - жалба со која ќе ја оспори одлуката на судот, доколку е незадоволен од истата.Во поглед на укинувањето на пресудата К.бр.1005/21 истото ќе биде земено во предвид при редовното оценување на судијата.За оваа претставка беше повикана и странката по негово барање да биде присутен, но истиот не дојде иако беше известен (поканет) од страна на СС на РСМ.Известителот предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јави членот на Советот м-р Антоанета Димовска, која наведе дека има дилеми но нема да навлегува во суштината на претставката, но ќе гласа за неоснованост на истата.

По претставка УПП.бр.08-37/24 од 23.01.2024. известителот наведе дека се искажува незадоволство од постапувањето на Основен суд Дебар, по предметот П.бр.2/22 и Апелационен суд Гостивар, по предметот ГЖ.бр.207/23, каде се јавува во својство на тужена. Наведува дека пред Основниот суд во Дебар бил заведен предмет по тужба за утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета и надомест на штета. Со Пресуда на Основниот суд во Дебар тужбеното барање на тужителот делумно било усвоено, била утврдена одговорност на тужената за навреда и клевета и била задолжена на име надомест на нематеријална штета за повреда на честа и угледот да му плати на тужителот износ од 20.000,00 денари. Апелациониот суд Гостивар пресудата на Основниот суд Дебар П.бр.2/22 од 18.11.2022 година ја потврдил, а во делот на трошоците пресудата била преиначена и бил задолжен тужениот со трошоците во постапката. Смета дека со донесените одлуки неосновано е прифатено тужбеното барање како основано.

По спроведените извиди по повод поднесената претставка се констатира дека наводите во претставката како жалбени наводи биле ценети од страна на

надлежен повисок суд, од чија страна се дадени образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при одлучувањето, па од таа причина наводите изнесени во претставката се неосновани. Имено, согласно чл.11 од Законот за судовите судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект, а согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука. Известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

По претставка УПП.бр.08-47/24 од 24.01.2024. известителот наведе дека подносителот се обраќа поради незадоволство од добиениот одговор од Советот УПП.бр.08-81/23 од 23.02.2023 година.Од спроведените извиди и увид во претставката се констатира дека подносителот изразува незадоволство од работата на Основниот суд Струмица по предметот К.бр.46/12, во врска со донесена пресуда од 31.10.2012 година, поради сторени пропусти од страна на судијата при одлучувањето.
За резултатите од постапување на Советот подносителот е известен со повеќе известувања и тоа: УПП.бр.08-240/19 од 22.10.2019 година, УПП.бр.08-44/20 од 06.11.2020 година; УПП.бр.08-451/20 од 12.01.2021 година, УПП.бр.08-94/21 од 04.03.2021 година; УПП.бр.08-27/22 од 07.03.2022 година; УПП.бр.08-190/22 од 11.11.2022 година; УПП.бр.08-446/22 од 31.01.2023 година и УПП.бр.08-81/23 од 24.03.2023 година.Согласно чл.11 од Законот за постапување по предлози и претставки кога претставката, односно предлогот се однесува на прашање по кое веќе е постапувано или е водена друга постапка од надлежен орган, постапувањето по новоподнесената претставка, односно предлог ќе се повтори само доколку во претставката, односно предлогот се инзесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката. Со оглед дека во во конкретниот случај не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување на Советот, односно претставката се однесува на незадоволство на подносителот од добиениот одговор од Советот, претставката како неоснована се архивира со службена белешка согласно чл.11 од Законот за постапување по предлози и претставки, а за истото ќе се извести странката. Известителот предлага претставката да биде неоснована и со сужбена белешка, претставката да се затвори. За дискусија не се јави никој.

По претставка УПП.бр.08-57/24 од 05.02.2024. известителот навед дека подносителот во својство на бранител на обвинетиот се обраќа до Советот поради незадоволство од постапувањето на судечкиот судија по предметот КМ.бр.29/23 на Основен суд Тетово, оформен по предлог на ОЈО за кривичното дело убиство во обид. Укажува дека подготвителната расправа била одлагана неколку пати поради тоа што обвинетиот бил сметен повеќепати во различни псисхијатриски установи. Подготвителната расправа започнала на 15.12.2023 година, на која подносителот бара да се прекине сослушувањето на

обвинетиот се додека вештиот наод за обвинетиот не се дополни со мислење дали детето е способно да дава изјави, бидејќи истото било со ограничени интелектуални способности. И покрај тоа судечкиот судија донел процесно решение за продолжување на испитување на детето. Во таа насока, на записник било побарно изземање на предметниот судија со наводи за сторени повреди на одредбите од Законот за правда на децата и ЗКП, кое барање подоцна било одбиено како неосновано од страна на заменик претседателот на судот.На распитот одржан на ден 16.01.2024 година, и покрај доставената молба за одлагање, медицинска документација и потврда дека обвинетиот се наоѓал во психијатриска установа укажува дека судијата го прекршил чл.93 ст.1 од Законот за правда на децата и одржал распит на оштетениот. Наведува дека од денот на одржување на распитот до денот на поднесување на претставката не бил доставен записник од одржаниот распит, ниту пак бил известен за датумот на следното рочиште.По спроведените извиди, увид во претставката и приложените докази се констатира дека наводите во претставката за сторени суштествени повреди на одредбите од ЗКП како жалбени наводи можат да бидат предмет на оценка на повисокиот суд во второстепена постапка, доколку незадоволната странка благовремено поднесе редовен правен лек - жалба. Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон. Судскиот совет нема надлежност да менува или укинува судски одлуки, ниту пак може да им наложува на судовите да ја променат својата одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована. известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот Весна Дамева, ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр. 156/23, 342/23, 3/24, 26/24, 37/24, 47/24, 57/24; и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставката УПП бр. 08-156/23 е основана.
Претставките УПП бр. 08-342/23, 3/24, 26/24, 37/24, 47/24, 57/24; се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките Мирсад Суроји.

Членот на Советот, Мирсад Суроји наведе дека во претставката УПП бр.08-130/23 со заклучок од одржана седница на кривичен оддел при Основниот суд Струмица во врска со поднесени поплаки од ист подносител за незаконито постапување на судии од скоро сите судови во РСМ се препратени до Советот на натамошно постапување.Советот по спроведени извиди, увид во доставените списи кон истата и од содржината на истите најде дека изнесените наводи на подносителот биле предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на непосредно повисоките судови

како надлежни да ја испитуваат законитоста на судската одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

По претставката УПП бр.08-260/23 се изразува незадоволство од постапување на судот по предмет пред Основниот суд Велес К-382/21.По извршен увид во претставката констатирано е дека на ден 19.1.2023 година побарано е од полномошникот да достави уредно полномошно од подносителот кој го застапува, односно во чие име и чија сметка изразува незадоволство во претставката.Со оглед да подносителот до денот на седницата на Советот на 29.02.2024 година не ја уредил претставката, се смета како воопшто да не е ниту поднесена, известителот предлага претставката да биде неоснована, да се затвори со службена белешка и да се архивира. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП бр.08-276/23-се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет ПЛ1-ТС-1135/20.Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека Основен граѓански суд Скопје по предметот ПЛ1-ТС-1135/20 оформен по тужба за долг донел пресуда на ден 17.07.2023година со која приговорот на тужениот е одбиен како неоснован.Имајќи ги предвид наводите изнесени во претставката се утврди дека се жалбени наводи, кои второстепениот суд ќе ги има предвид при одлучување а со оглед да предметот е во фаза на жалбена постапка по изјавена жалба од тужениот на ден 06.10.2023 година.Во однос на наводите дека на подносителот не му била доставена првостепената одлука Советот најде дека се неосновани, согласно на член 133 став 1 од ЗПП каде кога странката има полномошник доставувањето се врши до полномошникот, а во конкретниот случај подносителот имал полномошник кој го застапувал во постапката, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП бр.08-305/23 се однесува за предмет пред Основниот граѓански суд Скопје ТС-311/14 каде се изразува незадоволство од постапување на судот по предметот.По извршен увид во претставката констатирано е дека на ден 19.12.2023 година побарано е од полномошникот да достави уредно полномошно од подносителот кој го застапува, односно во чие име и чија сметка изразува незадоволство во претставката.Со оглед да подносителот до денот на седницата на Советот на 29.02.2024 година не ја уредил претставката , се смета како воопшто да не е ниту поднесена, па Советот одлучи претставката да биде неоснована и да се затвори со службена белешка и да се архивира. За дискусија не се јави никој.

Претставка УПП бр.08-316/23 доставена на надлежно постапување од страна на ДКСК, а поради незадоволство од постапување на судија на Основен суд Кочани по предмет П бр.557/06.Од увид во наводите во претставката се утврди дека истата претствака од истиот подносител со иста содржина и наводи била доставена до Советот лично од подносителот заведена под УПП 08-274/23 од 16.08.2023година по која Советот расправал на седница одржана на ден 30.08.2023 година и за исходот и донесената одлука го известил подносителот.Со оглед да оваа претставка нема нови наводи и факти или околности каде согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и поплаки, органот не постапува по претставака по која постапил како во

случајот,  известителот предлага претставката да биде неоснована и да се затвори со службена белешка и да се архивира. За дискусија не се јави никој.

Претставка УПП бр.08-327/23- се изразува незадоволство од одлука на Основен суд Штип  потврдена од Апелациониот суд Штип  по прекршочен предмет оформен по барање за  сторен прекршок по член 69 став 1 и став 11 вв член 104 став 1 т.11 и став 3 од Законот за шуми .По спроведени извиди се утврди дека  Основниот суд Штип решавајќи по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено за прекршок по член 69 став 1 и став 11 вв член 104 став 1 т.11 и став 3 од Законот за шуми донел пресуда ПРК-116/22–О од 13.04.2023 година со која го ослободил обвинетиот од одговорност. Апелациониот суд Штип во жалбена постапка донел пресуда ПРКЖ-183/23 од 10.07.2023 година со која пресудата на Основниот суд Штип ПРК-116/22–О се потврдува. Советот најде дека наводите на подносителот кои се жалбени наводи и по кои одлучувал надлежен суд  оценил дека истите се неосновани.Судот наоѓа дека во конкретниот случај  првостепениот суд правилно утврдил дека шумската полиција Кратово воопшто нема надлежноста да постапува и да врши инспекциски наздор за исечените дрвја-предмет на прекршокот за кој неможе да се примени Законот за шуми односно се работи за исечени дрвја на парцела во урбано зеленило за кое надлежноста за управување ја има општината која на обвинетиот му издала дозвола согласно со одобрение за градба, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

Претставка УПП бр.08-340/23 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет СТ-1295/13 со наводи дека ја тенденциозно пристрасно и незаконски избришал прибелешката од имотен лист запишана во дел реален товар на име на тужителот со правосилна извршна исправа уште во 2013 година .Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека стечајното побарување на доверителот дефинирано и утврдено со правосилни одлуки на надлежните судови од каде истиот не се стекнал со право на стечаен доверител во стечајната постапка над должникот. Основниот граѓански суд Скопје  со пресуда СТ-ТС- 26/19 од 27.12.2019 година тужбеното барање на доверителот  за утврдување на разлачно право и парично побарување го одбил како неосновано, а вложената жалба Апелациониот суд Скопје ја одбил како неоснована и првостепената пресуда ја потврдил со одлука ТСЖ-313/20 од 29.06.2020 година. Незадоволен доверителот поднел задоцнета ревизија која со решение на судот е отфрлена како ненавремена.  Според судијата со оглед да подносителот не поседува обезбедено побарување требал да побарал бришење на прибелешката која била ставена на  негов предлог. Со оглед на тоа дека се работи за стар предмет од 2013 година и во тек се дејствија во врска со имотот на должникот кој требало да биде предмет на продажба, од страна на судот се донесени по предлог на стечајниот управник решенија со кои е наложено на Агенцијата за катастар да ја избрише прибелешката за која во судската постапка се докажало дека такво побарување доверителот нема во стечајната постапка . Од тука наводите дека стечајниот судија постапил спротивно на закон односно незаконито ја избришал прибелешката која веќе е беспредметна и прави штета а со оглед да тужителот

е тој кој требал да постапи по судска одлука и самиот да ја избрише и не да чека тоа да го стори судот, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП бр.08-371/23 се поднесува поради недонесување на одлука за надомест на трошоци во постапката од страна на Вишиот управен суд. Од прибавена изјава од судиите на Виш управен суд кои постапувале по предметот произлегува дека на ден 09.05.2023 година тужителот поднел барање за донесување на дополнителна одлука за надомест на трошоци на постапката . Управниот суд го доставил барањето до Вишиот управен суд на 26.12.2023 година. Вишиот управен суд на ден 22.01.2024 година донел дополнително решение со кое барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката го одбил како неосновано согласно член 86 став 3 од ЗУС. Предвид наведеното, Советот најде дека наводите во претставката за недонесување на судска одлука за надомест на трошоци во постапката по предметот УПРЖ-125/23, која одлука Вишиот управен суд ја донел на 22.01.2024 година. Известителот предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија  се јави членот на Советот м-р Антоанета Димовска и наведе дека многу време не е постапено по барањето и според нејзе претставката е основана, а известителот ги појасни причините зошто помина толку време. Друг никој не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот Весна Дамева откако констатира дека никој повеќе не се јави за збор, ги стави на гласање предлозите  на известителот  за претставките УПП бр. 08-130/23, 260/23, 276/23, 305/23, 316/23, 327/23, 340/23, со исклучок на претставката УПП бр. 08-371/23 за која претставка ќе се гласа посебно, и со 8 гласа „За“, се прифаќа предлогот на известителот за претставките УПП бр. 08-130/23, 260/23, 276/23, 305/23, 316/23, 327/23, 340/23, исто така  Претседателот на Советот констатира дека се прифаќа и предлогот на известителот за претставката УПП бр. 08-371/23 по посебното гласање од 9 членови присутни, со 6 гласа „За“ и 3 гласа против и е донесена следната:

О Д Л У К А

Претставките УПП бр.08-130/23, 260/23, 276/23, 305/23, 316/23, 327/23, 340/23 и 371/23 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот  известител по претставките м-р Милазим Мустафа.

Членот на Советот **м-р Милазим Мустафа** наведе дека претставка УПП бр.08-306/23 не е потпишана од лицето во чие име е поднесена, ниту пак е наведена адресата на подносителот, за да се побара нејзино уредување. Со оглед да во претставката не е наведена адресата на подносителот согласно на членот 4 став 1 од Правилникот за начинот на постапување по претставките и предлозите (“Службен весник на РМ“ бр. 2/09) и за изнесеното не може да се извести подносителот, известителот предлага претставката да се затвори со службена белешка и да се архивира и дополнително да се препрати на

надлежно постапување до Советот за јавни обвинители. Никој не се јави за дискусија.

По претставка УПП бр.08-352/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет П1-340/18, а во врска со решение за парнични трошоци во постапката. Советот по спроведени извиди и од прибавената изјава од судијата кој постапувал по предметот утврди дека Основниот граѓански суд Скопје постапувајќи по тужбата на тужителите за утврдување право на сопственост по основ на наследување и надомест на штета, на ден 15.11.2018 година донел пресуда П1-340/18 со која го одбил тужбеното барање како неосновано. Со решение составен дел на пресудата судот одлучил по однос на парничните трошоци и ги задолжил тужителите на име трошоци во постапката солидарно да му исплатат на тужениот паричен износ од 376.815,00 денари, а поголемото барање за разликата од вкупно досудениот износ на име трошоци на постапката до вкупно побараниот паричен износ од 539.856,00 денари го одбил како неосновано. Со решение составен дел на пресудата судот ги задолжил тужителите солидарно на име парнични трошоци да и исплатат на тужената вкупен износ од 233.890,00 денари, а поголемото барање на тужената за разликата од досудениот износ до побараниот паричен износ на име трошоци на постапката од 403.370,00 денари го одбил како неосновано.По изјавена жалба на решението за трошоците предметот со пропратно писмо на ден 07.12.2022 година е доставен до Апелациониот суд Скопје кој со решение ГЖ-1672/20 од 22.12.2022 година го укинал решението за трошоци и предметот го вратил на повторно одлучување. Предметот со сите списи е примен во Основен граѓански суд Скопје на ден 26.01.2023 година и е донесено решение П1-340/18 на 21.09.2023 година по повод трошоците во постапката. Во меѓувреме предметот двапати административно е вратен со писмо ГЖ-1672/20 од 02.04.2021година и со писмо ГЖ-1672/20 од 31.03.2022 година поради барање од второстепениот суд да се донесе решение за прекин на постапката поради смрт на петтотужениот како и поради донесување на процесно решение за продолжување на постапката и покрај тоа што првостепениот суд располагал со оставинско решение.Од друга страна судијата наведува дека треба да се предвид и фактот дека на тужителите (вкупно 11) им било отповикано полномошното од нивниот адвокат по донесување на пресудата од 15.11.2018 година, така што согласно Законот за парнична постапка започна да сеспроведува лична достава до секој од тужителите посебно вклучувајќи ги и тројцата законски наследници на покојниот, која лична достава била сроведувана повеќекратно. Поради зголемен број на обем на предмети, поради распределба на предмети од други судии, намален капацитет во делот на стручни соработници, како и тоа дека станува збор за решение за надомест на трошоци како наведува судијата не постоеле објективи можности пред 21.09.2023година кога судот го донел решението со кое одлучил за трошоците, да биде донесено пред тој датум, известителот предлага претставката да биде основана.

За дискусија се јави членот **м-р Антоанета Димовска** која истакна дека не може да разбере кога пред пет минути рековме друго а сега друго и дека ќе остане на својот став.

Известителот **м-р Милазим Мустафа** појасни дека поради заземиениот став предлага претставката да биде основана, инаку по тоа што проверив како има работено судијата на предметот, немам никакви забекешки.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** прецизира дека пред пет минути беше донесен став дека е неоснована иако решение за трошоци не е изготвено повеќе од 9 месеци, а сега предлагате да е основана и мислам дека вашиот предлог е контрадикторен.

Известителот **м-р Милазим Мустафа** појасни дека не е контрадикторно и прашува од кај знаете како размислувам јас, не е во ред да прејудицирате, инаку јас ради ставот што го имаме како СС на РСМ дадов ваков предлог, инаку по мое лично убедување претставката е неоснована. Друг не се јави за дискусија.

Членот на Советот **м-р Ивица Николовски** бара процедурално, објасни дека се извинува дека сватил дека гласал погрешно во претходниот предлог на известителот Мирсад Суроји.

Претставка УПП бр.08-396/23- известителот наведе дека се поднесува со цел непречено судење по предмет кој се води пред Основен суд Гостивар заведен под П4-90/22 а поради оддолговлекување, без правосилно завршување на спорот. Советот по спроведени извиди и прибавена изјава од претседателот на судот утврди дека по поднесена тужба од страна на РСМ застапувана од ДП на РСМ за подрачје на Гостивар против тужените по основ ништовност на договори, во Основен суд Гостивар заведени се предмети П4-90/22 и П4-91/22 кои се примени во работа кај судечкиот судија на 29.12.2023 година. Постапувајќи по предлогот за привремена мерка донесено е решение П4-90/22 од 12.01.2023 година со кое е усвоен предлогот за привремена мерка и тоа решение станало првосилно бидејќи по изјавена жалба е потврдено со решение на Апелациониот суд Гостивар ГЖ-174/23 од 14.03.2023 година.Во врска со тужбеното барање судечкиот судија донел пресуда П4-91/22 од 23.08.2023година со кое е делумно усвоено тужбеното барање на тужителот. Предметот П4-91/22 по изјавените жалби на ден 23.10.2023 година од страна на Основниот суд Гостивар е доставен до Апелациониот суд Гостивар, известителот предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија.

Претставка УПП бр.08-409/23 **е**насловена како известување до повеќе субјекти меѓу кои и до Судскиот совет на РСМ, а во врска со предмет во кој подносителот е обвинето лице за кривично дело "Загрозување на сигурноста" по член 144 став 3 вв став 2 вв став 1 од КЗ и кривично дело "Телесна повреда" по член 130 став 1 од КЗ. Во конкретниот случај предметот ги поминал сите судски инстанци. Имено Врховниот суд на РСМ како надлежен суд да одлучува и постапува во последен степен по изјавените жалби, во конкретниот случај жалбата на обвинетиот ја одбива како неоснована, а ја потврдува пресудата на Апелациониот суд Штип КЖ-43/23 од 23.06.2023 година со која обвинетиот се огласува за виновен за кривично дело "Телесна повреда" од член 130 став 1 од КЗ. Врховниот суд наоѓа дека Апелациониот суд Штип во целост постапил по напатствијата на овој суд дадени во претходната пресуда ВКЖ2-4/23 од 24.01.2023година, правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и со правилна примена на материјалното право на обвинетиот за стореното

кривично дело му одмерил казна во рамки пропишана со законот.Известителот предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија.

Претставка УПП бр.08-11/24 се поднесува поради непостапување на Основниот грагански суд Скопје по доставено барање за промена во единствениот судски регистар и ургенција по барањето насловена до претседателот на судот од 23.12.2023 година. По конкретниот предмет стапено е во контакт со судијата кој постапува по поднесените барања, но со оглед да истиот користи боледување, по предметот е постапено од страна на претседателот на одделот.Известителот предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија.

Претставка УПП бр.08-17/24 - се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен граѓански суд Скопје по предмет ПЛ1-ТС 1504/20. Подносител на претставката е управител на туженото правно лице во постапката ПЛ1-ТС-1504/20. Наводите во претставката за погрешно утврдена фактичка состојба преку погрешна оценка на доказите, како и погрешна примена на материјалното право при донесување на пресудата со која е завршена постапката пред првостепениот суд како жалбени наводи ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на Апелациониот суд Скопје кој како непосредно повисок суд во жалбената постапка е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука, па врз основа на констатациите истата да ја потврди, укине или преиначи, се со цел за донесување на законита одлука. Известителот предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јави Претседателот на Советот, Весна Дамева изрази дилема дали за овој предмет може воопшто да расправаат бидејќи судијата против кој е поднесена претставката веќе не е судија, констатиран е престанок на судиската функција и се согласува со предлогот на известителот. Друг никој не се јави за дискусија.

Претставка УПП бр.08-50/24 е за постапување на судија на Основен суд Битола по предмет ПРК-Ј-204/23. По претставката под УПП бр.08-309/23 Советот расправал на седница одржана на ден 30.10.2023 година година и за исходот и донесената одлука го известил подносителот.Со оглед да оваа претставка нема нови наводи и факти или околности каде согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и поплаки, органот не постапува по претставка по која постапил како во случајот, известителот предлага претставката да се затвори со службена белешка и да се архивира. Никој не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева,** ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-306/23, 396/23, 409/23, 11/24, 17/24, 50/24 освен претставката УПП бр.08-352/23 за која ќе се гласа посебно и од 9 присутни, со 9 гласа „За“ се прифаќат предлозите на известителот, за претставката УПП бр. 08-352/23 по посебното гласање од 9 членови присутни, со 8 гласа „За“ и 1 глас „Против“ е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр.08-306/23, 396/23, 409/23, 11/24, 17/24, и 50/24 се неосновани.

Претставката УПП бр. 08-352/23 е основана.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките м-р Селим Адеми.

Членот на Советот **м-р Селим Адеми** наведе дека во претставка УПП.бр.21/24 од 12.1.2024 година се изразува незадоволство поради непочитување на законските рокови утврдени во Законот за парнична постапка од страна на судија на Основен граѓански суд Скопје, по предметот МАЛВП-165/23 во Основен суд Кичево. Предметната тужба е поднесена на ден 07.4.2023 година, а до моментот кога предметот бил прераспреледел да по истиот постапува делегираниот судија, судијата кој сега е пензиорниран не преземал дејствија по истиот.По предметите се постапува согласно хронологија и редоследно, со акцент на постапување и приоритет на постапување на постарите предмети. Во конкретниот случај тужбата по која е оформен предметот МАЛВП-165/23 е пратена на одговор, односно предметот е во фаза на одговор на тужба.Се укажува на подносителот да го сочека исходот од постапката, со оглед на состојбата со недостатокот на судии, се преземаат сите потребни дејствија од страна на Советот, со акцент да се запази хронолошкото постапување по предметите, известителот предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија.

Претставка УПП.бр.43/24 од 26.1.2024 година е поради незадоволство од постапување на судија на Основен суд Берово по предметите К.бр.13/2 и К.бр.14/22.По однос на предметот К.бр.18/22 судијата на записник од рочиштето од 20.12.2023 година констатирала дека пред судот не биле присутни приватните тужители, ниту нивниот полномошник, уредно поканети на записник од претходна расправа, воедно судот чекал повеќе од 40 минити и не добил никакво известување за нивното отсуство. Врз основа на истото судијата донела решение на записник дека постапката по приватните тужби се запира.По предметот К.бр.13/22 судијата на рочиштето од 20.12.2023 година ја отпочнала одново расправата поради промена на судечки судија.По однос на наводите на подносителот дека изјавите не биле внесени на записник од 09.10.2023 година, како и дека не му бил доставен записник од расправа истите се неосновани, бидејќи записник од расправа е даден на полномошникот во присуство на подносителот на претставка, а судот и на записник и усно им било соопштено дека расправата се одлага за 20.12.2023 година во 09 часот и со тоа ќе се смета дека се уредно известени. Во делот на наводите дека доказите и изјавите не се внесени на записникот од рочиштето од 09.10.2023 година истите се неосновани бидејќи се што било искажано од сослушаните сведови било внесено на записник, известителот предлага претставката да биде неоснована. Никој не се јави за дискусија.

Претставка УПП.бр.54/24 од 12.12.2023 година- во истата се истакнува дека подносителот во 1958 година изградиле сопствен објект врз основа на градежна дозвола, изграден со средства од синдикална членарина и за истиот објект во Катастарот, Сојузот на синдикати бил упишан како сопственик. Сите

постапки досега завршиле во корист на ССМ, се до 2024 година кога Врховниот суд на РСМ донел пресуда без соодветно законско образложение со која се поништени и преиначени сите правни одлуки и конкретниот имот преоѓа во сопственост на РСМ.Советот најде дека ревизијата на тужителот РМ во правната работа за утврдување право на сопственост со вредност на спорот 1.100.000,00 денари против тужениот Сојуз на синдикатите на Македонија се усвојува, пресудата на Апелационен суд Скопје ТСЖ-1435/21 од 03.02.2022 година и пресудата на Основен граѓански суд Скопје ТС-127/20 од 22.2.2021 година се преиначуваат. Со пресудата се утвдува дека тужителот спрема тужениот има право на сопственост на недвижен имот како објект од општ интерес за државата и се задолжува тужениот да трпи измена во катастарската евиденција. Ревизиите на тужителот, односно Државното правобранителство како застапник по закон на РСМ се уважени и пресудите на пониските судови се укинати со јасни и конкретни напатствија за пониските судови по кои истите не постапиле. При донесување на пресудата Рев1-77/22 од 09.11.2023 година судечкиот совет при Врховниот суд на РСМ ја имал предвид досегашната судска пракса на овој суд за ист правен основ за други странки, во кои предмети е изразен и прифатен ставот за примена на материјалното право и во својата одлука Советот при Врховниот суд на РСМ се повикал на веќе изразениот став во пресудите Рев1-282/23 и Рев1-128/12, Рев1-244/19 и Рев1-318/13. Видно гореизнесеното, наводите во претставката се ревизиони наводи по кои веќе е постапено од страна на Врховниот суд на РСМ, известителот предлага претставката да биде неоснована.

Членот на Советот **м-р Ивица Николовски** се јави за дискусија и праша дали од страна на подносителот има подносено барање изјавено за дисциплинска одговорност.

Од страна на Претседателот на Советот, **Весна Дамева** е информиран дека до овој момент не е познато дека има поднесено барање и останува таа околност да ја провери Генералниот секретар на Советот.

Известителот м-р Селим Адеми реплицира дека ние како Совет треба да расправаме за тоа што имаме моментално во материјалот, имаме претставка, имаме одговор од страна на судиите врз основа на образложена пресуда и според мене во овој момент врз основа на материјалите што ги имаме, наводите во претставката се неосновани.

Членот на Советот **м-р Ивица Николовски** реплицира:не би сакал да прејудицирам на наводите во претставката кои се голи според мене и голите дадени изјави од страна на судиите јас не можам да заземам став, точно е тоа дека подносителот не се жалел на постапката туку на одлуката, затоа прашав ако има барање за одговорност, претставката како предлог да се припои кон барањето и во една редовна постапка да биде ставено за понатамошно разгледување.

Известителот **м-р Селим Адеми** реплицира дека овде имаме класично незадоволство од судската одлука, јас искрено би можел да имам сомнежи ако се работи за некои други странки, пример на некоја бизнис компанија или

слично, но се работи на државен имот за кој досега се жалело Државното правобранителство, што значи тоа не ми дава некоја сомневање.

Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** се јави за дискусија и наведе: јас во овој момент не можам да одлучам по оваа претставка, без оглед што имаме само наводи од претставката, имаме издвјено мислење на двајца судии, тројцата судии кои ја донеле одлуката кажуваат, ние ја донесевме одлуката согласно со закон. Јас ќе го задржам моето мислење и нема да го кажувам бидејќи ќе биде несериозно од тоа што го видов на телевизија и би сакала да ја имам одлуката тука да ја видам, второ мислам треба да ја одложиме ако ништо повеќе да провериме дали има барање за одговорност.

Известителот **м-р Селим Адеми** информира дека ја имаат пресудата во материјали за да ја разгледаат.

Членот на Советот **м-р Антоанета Димовска** реплицира и наведе: мене единствено во оваа одлука ми е дискутабилно повикувањето на чл.82 од Законот за здружение на граѓани и фондации, мене издвоените мислења на двајцата судии ми укажуваат на тоа дека треба повеќе да се занимаваме со ова претставка, тоа е моето мислење не викам дека е основана или неоснована, мене ми требаат повеќе информации, подетално произнесување од страна на судиите.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева** исто така наведе: во овој момент не можам да се произнесувам, а мојот став е со оглед дека немаат доволно објаснување од издвоеното мислење на тие двајца судии. Јас би сакала одредени факти и докази да бидат обезбедени и не сакам да брзам на ваква сензитивна одлука и ако предлогот на колегата Селим останува мериторна одлука без разлика дали основана или не јас ќе гласам против, за да не изразам став и да не ја осуетам некоја евентуална идна постапка.

Известителот **м-р Селим Адеми** реплицира: јас не правам притисок на никој како да гласа, секој има право да гласа како што сака а мојот предлог е претставката да биде неоснована, јас не паѓам на притисоци од медиуми, телевизи и вести.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** прашува што е различно од сите оние претставки што сме ги повлекувале кога немале доволно докази, а оваа претставка да мора денеска да се заврши.

Известителот **м-р Селим Адеми** наведе: мојот предлог го дадов, Советот како ќе гласаат мене не ми пречи, од сега ги имате материјалите, прочитајте ги и ако најдете дека има незаконитост во одлуката на судот слободно било кој од члановите покренете барање за дисциплинска одговорност.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе: истакнувам уште еднаш дека ќе гласам против, бидејќи немам право да бидам воздржана, а ставот не можам да го изразам на друг начин. Друг никој не се јави за дискусија.

По претставка заведена под УПП.бр.63/1 од 12.2.2024 се констатира дека во истата не се изнесени нови околности и наводи од претходно изнесените во поднесена претставка до Советот.Во смисла на гореизнесеното, а како Советот претходно постапил по претставка од истиот подносител заведена под УПП.бр.12/24 од 09.01.2024 година, која била разгледана на одржана седница на Советот од 02.02.2024 година, известителот предлага ова претставка да се архивира, и на подносителот нема да се достави известување. Никој не се јави за дискусија.

Претседателот на Советот **Весна Дамева,** ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-21/24, 43/24, 63/24, освен претставката УПП бр.08-54/24 за која ќе се гласа посебно и од 9 членови присутни, со 9 гласа „За" се прифаќат предлозите на известителот, а за претставката УПП бр. 08-54/24 по посебното гласање од 9 членови присутни, со 6 гласа „За" и 3 гласа „Против" се прифаќа предлогот на известителот и е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр.08-21/24, 43/24, 63/24, 54/24 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките Павлина Црвенковска, член на Советот.

Членот на Советот Мирсад Суроји побара збор и наведе: уште еднаш сакам да го изразам моето жалење оти пред малку не знам дали бев добро разбран од колешката Антоанета Димовска за последната претставка, да не испадне пред јавноста дека јас сум пристрасен како известител за одредена претставка, извадив податоци од контролникот што значи предметот нема ни број од Управен суд, во Вишиот управен суд на 26 декември отишол предметот и за 22 дена одлучиле во Вишиот управен суд и не се знае кој број е од Управен суд, и од сето ова јас никаква одговорност не гледам од Вишиот управен суд и јас мојот предлог го предлагам врз основа на докази.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** му даде збор на известителот Павлина Црвенковска.

Членот на Советот, Павлина Црвенковска по претставка УПП.бр.08-399/23 од 11.12.2023 година наведе дека се изразува незадоволство од постапувањето на судии од Апелационен суд Скопје, по предметот ГЖ.бр.2625/20. Судиите на Апелационен суд Скопје кои постапувале по конкретниот предмет, врз основа на изведените докази, донеле одлука која е израз на нивното слободно судиско уверување. Од изјавата на судијата известител по предметот од Апелационен суд Скопје, се утврди дека судиите членови на судечкиот совет кои одлучувале по предметот во жалбената постапка врз основа на оцена на сите околности и докази, во согласност со Закон, донеле јасна и образложена одлука ГЖ.бр.2625/20. Во донесената одлука судиите дале доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководеле при донесување на одлуката, посочувајќи ги законските одредби од чл.12 од Законот за извршување и причините за одлученото. При

тоа во својата донесена одлука судиите дале доволно образложени причини зошто не се исполнети условите од чл. 12 од Закнот за извршување да се укине клаузулата за правосилност и извршност на првостепеното решение ВПП1 – 77/16 од 06.10.2017 година, правосилно на ден 03.05.2018 година. Ова дотоклу повеќе што наводите изнесени во жалбата поднесена од подносителот на претставката биле паушални и непоткрепени со докази, па во таа насока и ирелевантни за било какво поинакво одлучување и што со предметното решение од кое подносителот изразува незадоволство судиите на Апелациониот суд Скопје одлучувале само по жалбата против првостепеното решение ВПП 1 – 77/16 од 06.10.2017 година со кое првостепениот суд го одбил предлогот на предлагачот за укинување на клаузулата на правосилност и извршност на решението, кое станало правосилно на 03.05.2018 година и извршно на 27.06.2018 година. Во контекст на изложеното, наводите на подносителот изнесени во преставката иако нејасни и со паушална содржина Советот ги смета за жалбени наводи кои биле ценети од страна на повисокиот суд, во случајов Апелациониот суд Скопје, кој единствено може да ја менува или укинува првостепената одлука во постапка пропишана со закон. Судскиот совет на РСМ нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно со одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд kој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јави **м-р Антоанета Димовска** член на Советот и наведе дека оваа поднесителка има повеќе претставки за овој предмет, но меѓутоа треба да бидеме конзистентни бидејќи претставката е иста.

Известителот појасни дека е точно тоа, но јас мора да ја реферирам вака како што е и сметам дека треба да бидете запознаени, мене кога ми е доставено претставката требаше да ми направиле пренос на истата, а мене не ми е направен пренос и во прилог немам материјали од претходните претставки.

Претставка УПП бр.08-406/23 од 15.12.2023 година - се констатира дека по поднесени претставки до Судскиот совет на подносителот во повеќе наврати му се доставени известувања и тоа: Известување УПП бр 08-101/22 од 06.04.2022 година и Известување УПП бр. 08-420/22 од 20,.12.2022 година, Известување УПП.бр.08-51/23 од 17.03.2023 година и Известување УПП.бр.08-58/23 од 02.03.2023 година со кои подносителот веќе е известен по однос на наводите од претставката. Со оглед на тоа дека ново поднесената претставка во Советот заведена под УПП бр.08-406/1 од 15.12.2023 година се однесува на прашања на кои на подносителот веќе му е одговорено и во истата не се наведуваат нови факти и околности кои не биле познати при предходното постапување – предходните претставки, Советот во смисла на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози утврди дека нема основ за повторно постапување по претставката, заради што предметот се смета за завршен, известителот предлага претставката да се архивира со службена белешка. За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот **Весна Дамева**, ја напушти седницата за кратко време и со седницата раководи Заменик претседателот Ханиф Зендели.

Известителот по претставка УПП. бр.08-18/24 од 09.01.2024 година наведе дека се изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Неготино по предметот К.бр.21/23. Во конкретниот случај видно од содржината на претставката се работи за претставка со паушална содржина која не е поткрепена со докази. Воедно, видно од претставката произлегува дека незадоволството на подносителот се однесува на постапувањето на судијата по кривичен предмет К.бр.21/23, на кој се повикува во претставката, а во содржината подносителот укажува дека постапката завршила за 15 минути при што не биле сослушани тужителот и тужениот, иако во кривична постапка во својство на странки неможат да се јават тужител и тужен. Со оглед на околноста да предметот на кој се однесува незадоволството на подносителот на претставката е првостепен предмет и донесената одлука е првостепена одлука истиот може да го искористи правото на контрола на донесената одлука, доколку е незадоволен од истата со поднесување на жалба до надлежен второстепен суд. Советот нема надлежност да се впушта во испитување, преиначување, менување, укинување или толкување на одлуките донесени од страна на судовите. Согласно одредбите од Законот за судовите, такво право има само надлежен суд кој во постапка пропишана со закон може да ја преиспита судската одлука, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија не се јави никој.

Заменик претседателот **Ханиф Зендели,** констатира дека повторно е присутна Претседателот на Советот Весна Дамева.

Известителот по претставката УПП бр. 08-40/24 од 24.01.2024 година наведе дека станува збор за анонимна претставка и дека во конкретниот случај не се работи за прашање од јавен интерес. Имено, од содржината на претставката произлегува дека подносителот на претставката не е странка во наведената постапка РО.бр.-185/23 од која изразува незадоволство, туку станува збор за правен однос на други лица кои се јавуваат како странки во граѓанска постапка, за утврдување право од работен однос. Претставката е со целосно нејасна содржина а во делот на барањата на подносителот наведени во истата произлегува дека подносителот во најголем дел од Советот бара превземање на дејствија кои не спаѓаат во доменот на надлежностите на Судскиот совет на РСМ утврдени во чл.36 од Закноот за Судскиот совет на РСМ. Во делот на барањето за се изврши увид во предметот РО.бр.-185/23 Советот констатира дека истото не е потребно од причини што видно од содржината на претставката произлегува дека во овој предмет помеѓу странките на постапката е склучено судско порамнување. Склучување на судско порамнување е дозволено и предвидено во чл.307 од ЗПП доколку постои согласност на двете странки кое нешто произлегува од содржината на претставката. Воедно, во постапката РО.бр.185/23 судот постапил согласно со одредбите од процесниот закон и се превземени сите процесни дејствија за склучување на судското порамнување за што е сочинет и записник. Согласно со погоре изложеното, имајќи го при тоа предвид и фактот дека во конкретниот случај станува збор за анонимна преставка, Судскиот совет на Република

Северна Македонија констатира дека предеметот УППбр.08-40/1 од 24.01.2024 година треба да се смета за завршен, известителот предлага истиот да се затвори со службена белешка и да се архивира. За дискусија не се јави никој.

Претседателот на Советот Весна Дамева, ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-399/23, 406/23, 18/24, 40/24 и по гласањето констатира дека со 8 гласа „За“, е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр.08-399/23, 406/23, 18/24, 40/24 се неосновани.

Претседателот на Советот му даде збор на следниот известител по претставките Ханиф Зендели, Заменик претседател и член на Советот.

Ханиф Зендели, Заменик претседател и член на Советот наведе дека во претставка УПП бр.08-1/24 се изразува незадоволство од постапувањето на Апелациониот суд Гостивар по предмет ГЖ-270/23 Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судиите на Апелациониот суд Гостивар кои постапувале по предметот утврди дека Основниот суд Кичево во постапка по предлог за делба на заеднички имот донел решение ВПП1- 20/21 од 29.11.2020година со кое усвои предлогот на предлагачката па спровел делба на недвижен имот на странките. По изјавена жалба, Апелациониот суд Гостивар донел решение ГЖ-270/23 со кое жалбата на предлагачот ја уважил, а решението на Основен суд Гостивар го укинува и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување, со напатствија да ги расчисти сите спорни околности во предметниот спор и да донесе правна и законита одлука.Постапката по предметот во Основниот суд Гостивар не е завршена и треба да се сочека одлуката. Во однос на наводите дека судиите се поврзани и субјективни и имаат познанставо со адвокатот на спротивната страна, Советот најде дека не се поткрепени со докази поради што не ги прифати како основани, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП бр.08-13/24 се изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Тетово по предмет К- 29/23 и тоа во делот на одлуката за трошоците на постапката.Советот по спроведени извиди и од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот утврди дека Основен суд Тетово по предмет К-29/23 донел пресуда на 16.03.2023година со која обвинетиот го огласил за виновен и му изрекол алтернативна мерка условна осуда.По поднесена жалба од подносителот на пресудата на делот на одлуката за трошоците за кривичната постапка , која од страна на Апелациониот суд Гостивар е уважена и пресудата во делот на одлуката за трошоци на постапката се укинува , по што Основниот суд Тетово со решение К-29/23 од 08.11.2023година одлучил делумно да го уважи барањето за трошоците на постапката на полномошникот. Против ова решение повторно е изјавена жалба од полномошникот на оштетениот, која жалба е одбиена од кривичниот совет на Основен суд Тетово со решение КС-КР бр.549/23 од 27.11.2023година со оглед да судечкиот судија правилно постапувал, а согласно одредбите на ЗКП и Тарифникот за награди и надоместок на трошоци

за работата на адвокатите, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП бр.08-36/24 насловена како изјава од подносителот дека не ја добил пресудата на Основен суд Скопје 2 Скопје П бр.1920/03 од 25.03.2004 година во која по основа на неисплатени плати каде работел до март 2005 година со барање Советот да утврди зошто тужителот не постапил по оваа одлука.По спроведени извиди и од увид во приложената пресуда на Основен суд Скопје 2 Скопје П бр.1920/03 од 25.03.2004 година каде Основен суд Скопје 2 Скопје постапувајќи по тужбата по основ неисплатени плати и придонеси со пресуда П бр.1920/03 го усвоил тужбеното барање на тужителите меѓу кои и на подносителот и го задолжува тужениот да им исплати на тужените разлика на неисплатени плати и да им уплати придонеси во Фондот за ПИОМ на име на тужителите за период од 1997 година заклучно со 2002 година. Во однос на наводите дека по судската одлука не е постапено од страна на тужениот, Судскиот совет известува дека нема надлежност да врши надзор над извршувањето на судските одлуки, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претставка УПП бр.08-51/24 се изразува незадоволство од постапување на Апелациониот суд Гостивар по предмет КЖ-191/23.По спроведени извиди и од увид во приложената пресуда на Апелациониот суд Гостивар се утврди дека Апелациониот суд Гостивар постапувајќи по жалбата на обвинетиот изјавена против пресуда на Основен суд Тетово К-29/23 од 16.03.2023година со која е огласен за виновен за кривично дело "Насилство" од член 386 став 3 вв став 1 од КЗ, ја одбил жалбата како неоснована, а пресудата на Основен суд Тетово К-29/23 од 16.03.2023година се потврдува. По жалбата на оштетениот се уважува и пресудата на Основен суд Тетово К-29/23 од 16.03.2023година во делот на одлуката за трошоците на постапката се укинува и се враќа на повторно одлучување.Советот најде дека наводите во претставката како жалбени наводи биле ценети во жалбена постапка пред повисокиот надлежен суд, посебно жалбениот навод зошто првостепениот суд не поклонил верба на одбраната на обвинетиот која по наоѓање на судот била целосно спротивна на изведените докази во текот на главната расправа од страна на првостепениот суд и во овој дел првостепената пресуда е потврдена. Во однос на наводите дека судот неправилно одлучил во однос на трошоците на постапката како жалбен навод бил ценет од страна на Апелациониот суд Гостивар и по кој основ првостепената пресуда е укината и во тој дел вратена на повторно постапување пред првостепениот суд да се одлучи со посебно решение а согласно на одредбите од ЗКП и адвокатската тарифа, известителот предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претседателот на Советот **Весна Дамева,** ги стави на гласање предлозите на известителот за претставките УПП бр.08-1/24, 13/24, 36/24, 51/24 и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За", е донесена

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр.08-1/24, 13/24, 36/24, 51/24 се неосновани.

Претседателот на Советот, **Весна Дамева,** како известител ги изложи претставките. По претставка УПП бр.08- 272/1 од 01.08.2023 година,

подносителот изразува незадоволство од постапување на Управниот суд, бидејќи предметите заведени во 2018 година (мимо Акмисот, спротивно на ЗУС, ЗПП и Деловникот) ги презавеле по втор пат под нов број, и по трет пат биле заведени во 2020 година. Потоа се наведува дека дел од предметите се уште не биле завршени и стоеле во фиоки посочувајќи ги предметите УРП.бр.969/18 кој бил презаведен како УРП.бр.101/18 и У-2 .бр.733/19. Во изјавата, претседателот на Управниот суд наведува дека на ден 11.08.2018 година во Управниот суд била примена тужба од повеќе тужители против решенијата со кои биле одбиени барањата на тужителите за добивање на лиценца медијатор. Постапувајќи по предметот УРП.бр 69/18 судечкиот судија дал своерачна писмена наредба тужбата да се разграничи на 23-ца тужители и истата ја потпишал. Ваквото постапување било уредено во член 8 став 1 и став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ“ бр.62/05 и 150/10) каде е предвидено дека управниот спор може да се води против управен акт донесен во втор степен ( конечен управен акт),односно првостепен управен акт против кој нема место за жалба во управната постапка. Во известувањето се наведува дека по сите предмети е одлучено и дадени се причините за секој предмет зошто повторно биле презаведени.По предметите УРП.бр.106/2018, УРП.бр.92/2018, УРП.бр.112/18 и УРП.бр.96/18 е одлучено и одлуките се експедирани до странките.Предметот УРП.бр.107/18 бил презаведен во У-6.бр.640/20 согласно Програмата за работа на Управниот суд за 2020 година бр.Су-01.бр.0102-37/0 од 27.09.2019 година, каде било предвидено дека предметите со основ „медијатори“ ќе се заведуваат во уписникот У-6 - област имотно-правни работи и други сродни права. Овој предмет автоматски бил распределен во работа на друг судија и по истиот е одлучено и одлуката била експедирана до странките во постапката Предметот УРП.бр.105/2018 бил презаведен во У-5.бр.942/2020 согласно Програмата за работа за 2018 година, каде предметите со основ „медијатори“ се заведувале во Уписникот У-5 - област финансиските прашања и други сродни права, а не бил заведен во У-5.бр.949/20 како што наведува подносителот во претставката. Овој предмет автоматски бил распределен во работа на друг судија и по истиот е одлучено и одлуката била експедирана до странките во постапката. Поради истите причини предметите УРП.бр.93/18 бил презаведен под У-5 .бр.561/19 и УРП.бр.181/18 бил презаведен под У-5.бр.181/2019 автоматски биле распределени во работа на друг судија и по истите е одлучено и одлуките биле експедирани до странките во постапката. Погрешно било наведено во претставката дека предметот УРП.бр.101/18 бил презаведен во УРП.бр.969/18 односно истиот бил заведен под УРП.бр.101/18 заради разграничување на тужбата по предметот УРП.бр.69/2028. Предметот УРП.бр.57/2018 бил презаведен под У-5.бр.1086/18 и автоматски бил доделен во работа на судија. Со оглед дека се работело за двајца тужители и за две различни решенија извршено е разграничување и за едниот тужител е оформен предметот У-1.бр.299/2020 Овој предмет е заведен во уписникот У-1 согласно измената и дополнувањето на Програмата за работа на Управниот суд за 2020 година Су-01.бр.0102-37/19-2 од 07.04.2020, каде било предвидено дека предметите со основ „медијација“ заведени по 01.01.2020 година и кои се уште биле во работа ќе се заведуваат во Уписникот У-1- област имотно-правни и други сродни права. Предметот У-2 .бр.733/19 со автоматска распрделба е доделен во работа на судија кој е одлучен и примерок од одлуката бил доставен до

странките во постапката. Имајќи го предвид наведеното претставката е неоснована, поради тоа што во конкретниот случај презаведувањето на предметите во нов уписник бил согласно Програмата за работа на Управниот суд, истите биле автоматски распределувани и по сите предмети е одлучено и одлуките се доставени до странките, известителот предлага претставката да биде неоснована.

За дискусија се јави членот на Советот **м-р Милазим Мустафа** и извести дека се иззема од оваа претставка и нема да дискутира ниту да гласа за истата. Друг никој не се јави за дискусија.

Претставка УПП бр.08-354 /1 од 07.11.2023 година, дополнување од 13.11.2023 година, ургенција од 13.12.2023година и дополнување од 15.01.2024 година, подносителот во претставката изразува незадоволство од постапување по предмети од страна на судии од Основен кривичен суд Скопје кои учествувале во кривичен совет, а потоа биле судечки судии и поради тоа изразувате сомнеж за распределбата на предметите. Советот спроведе извиди во рамките на законските надлежности и прибави изјава од претседателот на судот, како и од увидот во апликацијата „Контрола на судови“ се констатира дека по предметот К-11/18 настапила апсолутна застреност за кривичното гонење на ден 02.01.2024 година, а постапката по предметот КООА-104/17 е завршена во 2017 година, и истечен е објективниот и субјективниот рок од член 61 став 1 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, за понатамошно постапување, додека по предметот К-3747/14 постапувал судија кој е разрешен од вршење на судиската функција. Предлага претставката да биде неоснована. За дискусија никој не се јави.

Претседателот на Советот **Весна Дамева**, ги стави на гласање предлозите за претставките УПП бр.08-272/23, 354/23 и по гласањето констатира декасо 9 гласа „За“, е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Претставките УПП бр.08-1/272/23, 354/23 се неосновани.

**Точка Разно**

Претседателот на Советот **Весна Дамева** појасни во материјалите под точка разно се ставени приговорите од Мери Радеска меѓутоа тие беа како предлог на идната седница, но под оваа точка го отвори и прашањето по однос на Генералниот секретар на Советот бидејќи Генерален секретар е назначен на 20.02.2023 година со Решение првично кога таа беше претседател, потоа со решение на Претседателот на СС на РСМ со која Весна Толева се назначува за В.Д генерален секретар на на Советот. Причината е во врска со ништовноста на поништување на одредени акти кои биле потпишувани во изминатиот период, не смета дека ниту СС на РСМ ниту претходниот Претседател на Советот, Сашко Георгиев погрешил, но нагласи да се има во предвид дека во Законот за сдминистративните службеници има рок од 2

месеца во кој што треба да се назначи лице, и според нејзе ова е специфична ситуација бидејќи беше назначен Генерален секретар првиот пат кога таа беше претседател, и би сакала само како размислување и може и да не се зазема став, само го отвораи како прашање а доколку има спремност од членовите може да се дискутира, што значи ова е токму тој рок од 2 месеца, треба или не треба иако првиот пат кога била претседател го поставила како прашање, има дилеми околу законските одредби дали треба да се применуваат, колку трае мандатот, кога завршува и слично, дали воопшто треба да се поништува Решението кое била донесено од страна на Советот а потпишано од колегата Сашко Георгиев. Го постави како прашање заради рокот, но предложи доколку се согласат членовите ова прашање да се разгледува на колегиум, па понатаму да се заземе став.

Воедно посочи дека во материјалите е ставено Барање на номинација на лице за подготовка за реформската агенда, тоа е планот за раст за Западен Балкан за 2024-2027 година, истиот план беше објавен на 08.11.2023 година од страна на Европската комисија, чија цел е засилување на социо-економската конвергенција на западен Балкан со ЕУ и забрзување на ЕУ реформите. Во делот на забрзување на фундаменталните реформи потребно е да се подготви реформска агенда од приоритетни реформи во рок од 3 месеци и токму заради тоа е неопходно, брзо и итно постапување е номинација на членови со цел за предвидување на клучните приоритети во реформската агенда, Се бара номинирање претставници со високо ниво со познавање на приоритетите и реформските процеси како и познавање на англиски јазик кои ќе учествуват во работната група за подготовка на реформската агенда во најитен рок.

Побара кој е заинтересиран слободно да се пријави, сите ќе бидат предложени бидејки бројот е неограничен, но разумно е двајца или тројца членови евентуално да има, но колку ќе има тој број ќе се предложи.

Членот на Советот, **м-р Милазим Мустафа** е се пријави.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** упати прашање дали има некој друг што е заинтересиран и побара најдоцна до утрешниот ден да биде известена, и да се има предвид дека ова е многу сериозна работа. Наведе дека би одела и таа, но се откажува затоа што има зголемени активности. Го замоли колегата Миљазим Мустафа ако остане сам да известува на работните состаноци и да бара помош од сите ако предвиди дека има потреба, ќе стојат сите на располагање.

Членот на Советот **м- р Селим Адеми** упати прашање до каде и дали заврши постапката за избор на судии во Апелациониот суд Штип бидејќи како кординатор на тој суд фалат суди и дали можат избраните судиа да даваат свечена изјава, дали поминаа роковите за жалби и дали е одлуката правосилна.

ВД Генералниот секретар на Советот појасни дека рокот истекува денес и жалбите не се доставуват до Советот, туку до Врховен суд и од телефонските разговори со службата на Врховниот суд на РСМ денес до 14,00 часот немало пристигнати жалби, меѓутоа се чека по препорачана пошта, така да може до понеделник да има, уште не се знае.

Претседателот на Советот **Весна Дамева** ги замоли колегите да го гледаат материјалот што го имаат под точка Разно, а за истиот треба да биде исклучена јавноста, итна е оваа точка затоа што постои опасност од настапување на услови за старосна пензија за судијата и упати прашање дали сакаат сега да се разгледува или сметаат дека во оваа фаза со оглед дека се донесени заклучоците треба да остане по ревидирање, повторно разгледување на заклучоците. По дискусијата од страна на членовите на Советот оваа точка останува да се разгледува за наредниот колегиум.

Претседателот на Советот констатира дека е завршена седницата.

**Напомена:** Тонскиот запис и листингот од гласање се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Весна Дамева**

________________________________

**Изработиле:** Владимир Станковиќ-
Мони Авзији

**Одобрил**: Весна Толева